Гласник на Австралиско–сиднејската епархија при МПЦ – ОА

ПРАВОСЛАВИЕ

списание за православна вера, култура и образование

Мај 2017 | број 1 | година I

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Дебарско–кичевски и Администратор Австралиско–сиднејски г. Тимотеј

» с.7


» с.10


» с.16

» с.22

» с.32

» с.38

СОДРЖИНА

5 Предговор
ПОЗДРАВНО СЛОВО
Митрополит г. Тимотеј

6 Беседа
ВО ИМЕТО НА ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВ. ДУХ
Митрополит г. Тимотеј

7 Беседа
ДЕДО ТИМОТЕЈ
Митрополит Струмички г. Наум

10 Догматика
НОВОЗАВЕТНОТО УЧЕЊЕ ЗА ВОСКРЕСЕНИЕТО
Преподобен Јустин Ќелијски

16 Литургиско богословие
ЗА ЛИТУРГИЈАТА
Свети Јован Кронштатски

19 Современо богословие
ГОЛЕМОТО ИМЕ НА ЖЕНАТА
Митрополит Атанасиј (Лимасолски)

22 Житија на Светители
СВ. ГАВРИЛ СВЕТОГОРЕЦ, ЕПИСКОП ВЕЛИЧКИ
Игумен Гаврил (Галев)

32 Поука
ЗА РОДИТЕЛИТЕ
Свети Лука Кримски

36 Детско катче
ВЕЛИГДЕНСКО ЈАЈЦЕ
Силвана Ѓоргиев

38 Црковна историја
ОСНОВАЧКО СОБРАНИЕ
(конституирање на Австралиско – сиднејската епархија)
– протојереј - ставрофор Ефтим Бетински

40 Вести и настани
РЕПОРТАЖА ЗА КАНОНСКАТА ВИЗИТАЦИЈА НА МИТРОПОЛИТОТ Г. ТИМОТЕЈ
Ананија Ананиевски

ДЕНЕС Е ИСТОРИСКИ ДЕН ЗА МПЦ – ОА ВО АВСТРАЛИЈА
г. Мирчо Ангелески

СЕ ВРАТИ РАДОСТА ВО ЦРКОВНАТА ПРАВОСЛАВНА ОПШТИНА „СВЕТА ПЕТКА“
г. Кире Циревски

51 Поука
ПАТОТ КОН НЕБЕСНОТО ЦАРСТВО
Свети Инокентиј Московски

52 Младинска организација
MACEDONIAN ORTHODOX YOUTH OF AUSTRALIA (MOYA)
Даниела Затаракоска

54 Прашања и одговори
ДАЛИ ТРЕБА ДА ГИ КРШТЕВАМЕ ДЕЦАТА?
Игумен Гаврил (Галев)

Предговор | Беседа | Догматика | Литургиско богословие
Современо богословие | Житија на Светители | Поука | Детско катче
Црковна историја | Вести и настани | Младинска организација | Прашања и одговор

ПАСХАЛНО СЛОВО

СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

Ако некој е благочестив и богољубив, нека се насладува од ова прекрасно и светлозарно Празненство. Ако некој е слуга благоразумен, нека влезе возрадуван во радоста на Господа свој. Кој усрдствувал постејќи нека си ја прифати наградата. Ако некој работел од првиот час, денес нека си ја прими праведната отплата. Кој, пак, дошол по третиот час, благодарствено нека празнува. Ако ли некој стасал по шестиот час, воопшто да не се сомнева, зашто во ништо не ќе биде оштетен. Ако некој, пак, задоцнил да дојде и во деветтиот час, нека пристапи, ни малку не колебајќи се. Ако ли некој стигнал дури во единаесеттиот, да не се плаши поради доцнењето, зашто штедар е Владиката, го прима последниот како првиот, го успокојува оној од единаесеттиот час исто како и тој, кој работел од првиот. И последниот го милува, и на првиот му угодува, и на едниот му подава, а и другиот го дарува. И делата ги прифаќа, и умислата ја целива, и дејанието го почитува, и намерата ја пофалува.

Затоа, влезете сите во радоста на Господа ваш, и првите и вторите, наградата примете си ја. Богати и сиромаси, заедно ликувајте! Воздржливци и мрзеливци, Денот чествувајте го! Вие што постевте и Вие, кои не сте постеле, возрадувајте се денеска! Трпезата е преполна, насладете се сите! Телето е угоено, никој да не излезе гладен! Сите угостете се од гозбата на верата! Сите насладете се од богатството на добрината! Никој сиромаштвото да не си го оплакува, зашто ни се јави заедничкото Царство. Никој да не се опечалува поради гревовите, зашто простување од гробот ни изгреа. Никој да не се плаши од смртта, зашто нѐ ослободи нас смртта Спасителова. Ја згасна Оној, Кој од неа беше држен. Го разоружа адот Тој, Кој слезе во адот. Го огорчи адот, кој телото Негово го вкуси, а предузнавајќи го ова Исаија, воскликна: Адот се огорчи кога Те сретна долу. Се огорчи, зашто опусте. Се огорчи, зашто беше сотрен. Се огорчи, зашто беше исмеан. Се огорчи, зашто беше умртвен. Се огорчи, зашто бидна соборен. Се огорчи, зашто беше окован. Прими тело, а налета на Бога. Прими земја, а се соочи со Небото. Го прими она што го гледаше, а попадна во она што не го гледаше. Каде ти е, о смрт, осилото? Каде ти е, аду, победата? Воскресна Христос, и ти се урна! Воскресна Христос, и паднаа демоните! Воскресна Христос, и се радуваат Ангелите! Воскресна Христос, и животот торжествува! Воскресна Христос, и нема ниеден мртов в гроб!

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!

ДО ЧИТАТЕЛИТЕ И УРЕДУВАЧКИОТ ОДБОР НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“

МИТРОПОЛИТ Г. ТИМОТЕЈ

Драги читатели, Основачот на светата Црква, Господ Исус Христос, праќајќи ги Своите апостоли да го проповедаат Евангелието, им вели: „Одете и научете ги сите народи“ (Мт. 28, 19). Оваа порака, кажана пред две илјади години од Господа Исуса Христа на апостолите, се однесува и на сите пастири и учители на Неговата света Црква. Верата, и покрај тоа што е всадена во моралниот закон кај секој човек, таа, како и сите останати дисциплини и науки кои се потребни во животот на луѓето, се учи и се усовршува. Таа треба да се учи и усовршува и кај секој православен македонски човек. Нашата Светиклиментова македонска православна црква, низ својата долга макотрпна историја, била мајка и учителка на својата паства. Таа ја извршува оваа улога и денес, како во Р. Македонија, така и во дијаспората, помеѓу нашите браќа и сестри.

Иницијативата за покренување на епархиско списание е благородна и, пред сè, насушна потреба за нашите луѓе во Австралија. Како архиереј на МПЦ – ОА, го даваме нашиот архипастирски благослов и се надеваме дека ова списание ќе придонесе во запознавањето на нашата православна вера, како и за зачувувањето на македонската традиција со вистинското православно значење.

Вашето благородно дело да биде за просперитет и углед на Македонската православна црква, за спасение на душите на сите што ќе го читаат и на оние што ќе работат на него.

Со архипастирски благослов,

Митрополит Дебарско-кичевски и
Администратор Австралиско-сиднејски
г. Тимотеј

20.03.2017 година
Охрид, Р. Македонија

ВО ИМЕТО НА ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВ. ДУХ

МИТРОПОЛИТ Г. ТИМОТЕЈ

“

ОВОЈ ДЕН Е ШТО ГО СОЗДАДЕ ГОСПОД ЗА ДА СЕ ЗАРАДУВАМЕ И ВОЗВЕСЕЛИМЕ ВО НЕГО

”

(ПС. 117, 24)

Драги браќа и сестри,

Овој ден е навистина радосен и спасителен за сите верници. За него мечтаеле старозаветните праведници. Многумина од нив би биле многу радосни, доколку, би можеле да Го созерцаваат, но, не се удостоиле за тоа. Тие би биле многу радосни да вкусат од таа радост, но промислата Божја била поинаква и биле ускратени од таа можност. Ние, пак, сме во позиција и имаме можност, овој ден, торжествено да го прославуваме и да се насладуваме со неискажливата радост за Воскреснатиот Господ. Овој ден навистина е создаден од Господа за нас.

До Воскресението Христово, над човечкиот род тежел гревот. Но, Христос се предава Себеси за луѓето и нè избавува од гревот. До Воскресението Христово луѓето биле заробеници на адот. Христос, пак, со Своето победоносно слегување во адот, ги раскинува адските окови и нè избавува, односно, нè ослободува од тоа адско ропство. До Воскресението Христово, на светот висел непобедливиот страв од смртта. Но, Христос, не само што го победи стравот од смртта, туку, ја победи и самата смрт. Христос положи почеток на сеопштото воскресение. Он е „нашиот пат, вистина и живот“ (Јн. 14, 6).

Се поставува прашањето, од каде знаеме за Воскресението на Господа Исуса Христа? Зошто веруваме дека навистина тоа се случило на Земјата? За Воскресението на Господа претскажувале старозаветните свети пророци, и тоа, многу порано пред да дојде Христос во овој свет. Самиот Господ Исус Христос, многупати зборува за Своето Воскресение. „Лукав и прељуботворен род бара знак; но нема да му се даде знак, освен знакот на пророкот Јона; оти, како што Јона беше во утробата на китот три дни и три ноќи, така и Синот Човечки ќе биде во срцето на земјата три дни и три ноќи“ (Мт. 12, 39-40). Самиот Господ Христос на друго место вели: „Урнете го овој храм и за три дена ќе го подигнам“ (Јн. 2, 19).

За Воскресението сведочат и светите Евангелија, напишани од Неговите ученици и апостоли, односно, од Неговите најблиски придружници за време Неговиот овоземен живот. Но, дали можеме да им веруваме на апостолите, за тоа дека тие Го виделе Воскресението и Воскреснатиот Христос? Сигурно дека можеме, и тоа е неопходно. Довербата, всушност, е христијанската вера, која самата се раѓа од сведоштвото на очевидците. Апостолите сведочат за Христовото Воскресение и истото го посведочуваат со сопствената крв и со сопствениот живот. Ако тие не Го виделе Воскреснатиот Христос и не се увериле во вистинитоста на Неговото Воскресение, тие не би Му го принеле својот живот. Но, тие, и виделе и осознале, и тие се приклучиле кон небесниот свет кој со себе Го носи Воскреснатиот Христос. Се приклучиле кон радоста на Христовото Воскресение. Воскресението им дало радост на апостолите. Радост и сила да Го проповедаат Христа по целиот свет. А Воскресението, пак, во нивната проповед има централно место. Затоа апостолот вели: „Ако, пак, Христос не воскреснал, тогаш празна е нашата проповед, празна е и вашата вера“ (1. Кор. 15, 14). Со други зборови, севкупниот труд, подвиг и мачеништво би биле нелогични, доколку апостолите не биле уверени во Воскресението на нивниот сакан Учител и Господ, Воскреснатиот Христос. Токму Воскреснатиот Христос им дава сила и благодат да можат да Го проповедаат (Дела 3, 33).

И ние денеска кои сме собрани во овој свет храм, да се обратиме кон Воскреснатиот Господ Исус Христос со молитва и прозба. Да бидеме удостоени за да имаме заедничарска радост во Неговото Воскресение. Според таа евангелска и воскресенска радост да се раководиме, да живееме и да правиме добри дела. Ако Воскреснатиот Христос биде во нашите срца, тогаш ќе се удостоиме да бидеме заедничари со неискажаната радост и во царството Божјо.

Уште еднаш ви го честитаме светлото Христово Воскресение и ве поздравуваме со најторжествениот поздрав, Христос Воскресе!

Пасхална вечерна
16. 04. 2017 година
Храм „Св. Софија“ - Охрид

ДЕДО ТИМОТЕЈ

МИТРОПОЛИТ СТРУМИЧКИ Г. НАУМ

> Сепак, друго е добар човек, а друго е свет. Светиите заедничарат со Божествената енергија на Бога и со ова се означени зашто можат да помагаат на луѓето, да прават чудеса и да лекуваат. И лажните лекари можат да бидат добри луѓе, но не можат да лекуваат.

Насловот на мојата беседа е едноставен – „Дедо Тимотеј“. Таков наслов се користи кога човек говори за свој пријател, исто како и за некој што со својата човечност ги надминал рамките на формалноста, но и за некој што со својот духовен опит и мудрост ги опфатил димензиите на одандестраното, и затоа сите почнуваат да го чувствуваат како многу близок, како вистински во Христос брат, па дури и како духовен отец. Јас, и сите ние овде собрани, именувањето „Дедо Тимотеј“ го користиме и разбираме и во првите две, но најмногу во последнава наведена смисла.

Сите во својот живот правиме грешки, така и Дедо Тимотеј, и сите имаме свое покајание – па така и тој. Но, никој не знае ништо за внатрешното покајание на другиот – така и ние за неговото; тоа само Бог го знае. Никој од нас не е сам по себе совршен; совршен е само единиот Бог во Троица – Отецот и Синот и Светиот Дух. Но, нам толку и не ни треба некој совршен човек, туку токму ваквиот и овој, наш Дедо Тимотеј – како конкретна историска личност. Совршенството на нас, несовршените, ни го обезбедува самата Црква, која е Тело Христово и чија Глава е Христос, и која, користејќи ги нашите таленти и способности, прави да си ги надополнуваме недостатоците еден на друг и да функционираме како еден совршен и свет Богочовечки организам преку кој се совршува Тајната на спасението на светот. Токму според овие таленти, како што спомнав, кои Богочовекот Христос совршено ги всадил и однапред ги видел како ќе се развиваат во него уште од неговата младост, но кои и ние, колку што ни дал Он, можеме да ги видиме кај Дедо Тимотеј, преточени во неговите дела, токму според нив, велам, ќе биде нашата благодарност до него, за што и се собравме денес овде. И, сега, кога само општо ќе ги набројам неговите дела, ќе видите дека се многу, а камоли, пак, подробно да почнам да говорам за нив. А едно сигурно знаеме – верата без дела е мртва. А сите негови видливи дела, пред сè, тајно се измолени од Бог. Друг начин и нема. Првата генерација наши епископи учествуваше во долгоочекуваното возобновување на Охридската Архиепископија, која поради посебните пастирски потреби дејствуваше во Федеративна Република Македонија како Македонска Православна Црква. Освен Кирил и Доситеј, кои беа монаси, другите епископи: Климент, Методиј и Наум, беа тоа што македонскиот православен народ во тој момент можеше да Му го принесе на Бог, и на сите нив многу сме им благодарни. Без нивната саможртва во 1967 година не верувам дека ние денес ќе ги уживавме плодовите на фактичкиот автокефален живот.

Дедо Тимотеј ѝ припаѓа на втората генерација епископи, која требаше да го организира црковниот живот од речиси ништо и на таа автокефалност да ѝ даде спасителна пастирска содржина и ефикасност. Нивниот подвиг, во тој поглед, беше пионерски, а посебно неговиот. Зошто велам посебно неговиот? Еве зошто:

Ако говориме за црковни градби и црковни храмови, а

посебно за манастири – што е за Црквата најважно, со Дедо Тимотеј ниту еден епископ не може да се спореди. Ќе ги спомнам само „Свети Климент“ на Плаошник заедно со возобновениот Светиклиментов универзитет, манастирот „Свети Наум Охридски“ – за кој, и покрај сите претрпени критики, на крај го заврши како комплетен манастирски комплекс, кој блесна во целиот свој сјај, манастирот „Света Богородица – Пречиста“, а посебна приказна се манастирите „Свети Јован Бигорски“ и „Свети Георгиј“ – Рајчица. Има уште многу други црковни градби, храмови и манастири, но мислам дека доволни се тие што ги нагласив. Тоа што сакам да го истакнам, во оваа прилика, е неговата храброст во борбата за црковниот имот до судир и со самите световни, и домашни и странски власти – за коешто мене лично ми е страв и поконкретно да говорам, а камоли да го направам истото. Дедо Тимотеј е бескомпромисен борец за она во што верува, за Божјата правда и вистина, и не се плаши од оние што само на телото можат да му наштетат, но не и на душата.

Организираноста на свештенството во Дебарско-кичевската епархија е навистина на завидно ниво. Тоа што мене лично ме воодушевува е кога гледам како сите, на чело со Дедо Тимотеј, живеат како едно семејство. Очебијно е дека тој посебно внимание и труд му посветува на своето свештенство, со кое конкретно се дружи и на татковска основа, и на основа на организирање семинари за нивно дообучување и восовршување; и што е најбитно, со кое заедничари во светите Литургии. Посебно треба да се потенцира, кога е во прашање Дедо Тимотеј, неговото лично и материјално вложување во академското образование на своите свештеници, од кои утре се очекува да бидат носечките кадри во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“, како и на истоимениот Богословски факултет, од кои некои веќе и се. Тој е вистински татко на своето свештенство, кое со него соработува не од страв, туку од љубов.

Ако говориме за преведувачко-издавачката дејност, тука само еден епископ донекаде може да му парира.

Но, ако ја спомнеме и културно-научната и просветната дејност, како што се разните научни симпозиуми, организирани во годините наназад, како и неговите лични книжевни дела – аскетско-етички есеи и толкувања на Новиот Завет, издадени во шест тома, веќе ниту еден епископ на МПЦ-ОА не може да се спореди со Дедо Тимотеј.

Она што, пак, посебно ме восхитува кај личноста на Дедо Тимотеј е неговото чувство за монаштвото. Тој има такво чувство за развој на монашкиот живот како многу години да поминал во манастир. Тоа чувство се состои во татковската грижа за монаштвото, а посебно во духовната слобода што му ја дава. Без тоа, од Бог вдахновено чувство, ние денес ќе ги немавме двата општожителни манастирски бисери – Бигорската света обител и светото сестринство од Рајчица, најголемите украси на МПЦ-ОА. Сите ние за ова негово дело посебно му благодариме.

Со сите овие дела Дедо Тимотеј ја врати во полн сјај славата на некогашната трета по ранг Црква во христијанската икумена – Јустинијана Прима, основата на денешната Охридска Архиепископија. Дедо Тимотеј најпластично ни покажа дека лидерството во Црквата не е само позиција и титула, туку дека тоа е, пред сè, акција и личен пример; ни покажа како во подвигот да се сочува полнотата на Црквата и чистотата на верата, како човек духовно расте и созрева, и ни покажа дека ниту една добродетел, како и црковна цел, не се достигнува преку ноќ, туку со многу труд, трпение и саможртва.

Ако помисливте дека ова е сè, не е.

Дедо Тимотеј е најистакнат и најреспектабилен член на нашата црковна комисија за дијалог со останатите помесни Православни Цркви, а посебно со СПЦ, не само меѓу нас, туку како таков важи и меѓу епископите на другите сестрински Цркви. Човек без кого нашето отворено црковно прашање во овој историски период не ни може да се реши, и човек во чија дипломатско-црковна мудрост и чувство за црковна соборност – од една страна, и во чие чувство за достоинство, пастирска одговорност и црковен интегритет – од друга страна, јас лично, но и сите епископи и верниот народ на МПЦ-ОА, ја полагаме својата надеж.

Што се однесува до нашиот црковно-внатрешен, а посебно синодски живот и работење, во една реченица: со Дедо Тимотеј секогаш знаеш на што си. Не можам да ви опишам каков дар е оваа негова искреност за Црквата, и не може човек да не го почитува тоа, без оглед дали секогаш се согласува со неговиот став.

Но, каква е поточно неговата улога во нашиот соборен, синодски, црковен живот и соработка? Тука веќе не знам што попрво да истакнам и со кои зборови да го искажам мојот восхит. Дедо Тимотеј е, долго време беше, и очекувам и верувам дека уште долго време ќе биде главниот мост помеѓу помладите генерации епископи – од една страна, и постарите – од друга страна. Помеѓу едните, кои се малку нестрпливи и сакаат проблемите веднаш да се разрешат, и другите, кои по малку го губат здивот зад новите предизвици на современието и новиот начин на живот – предизвици што бараат нови, осмислени и брзи одговори. Затоа, тој е еден своевиден центар и чувар на единството во САС на МПЦ-ОА во сите такви клучни моменти. Секогаш кога првиот по чест центар на нашето единство поради разни притисоци и грижи, кои како човек го преоптоварува, разбирливо ќе се поколеба или затаи, веднаш се активира Дедо Тимотеј како привремена замена и сите проблеми во Црквата на најдобар можен начин се разрешуваат. Верувам дека и самиот Архиепископ знае каква потпора е Дедо Тимотеј за него и верувам дека знае тоа да го цени.

> “ ДЕДО ТИМОТЕЈ Е НАЈИСТАКНАТ И НАЈРЕСПЕКТАБИЛЕН ЧЛЕН НА НАШАТА ЦРКОВНА КОМИСИЈА ЗА ДИЈАЛОГ СО ОСТАНАТИТЕ ПОМЕСНИ ПРАВОСЛАВНИ ЦРКВИ, А ПОСЕБНО СО СПЦ, НЕ САМО МЕЃУ НАС, ТУКУ КАКО ТАКОВ ВАЖИ И МЕЃУ ЕПИСКОПИТЕ НА ДРУГИТЕ СЕСТРИНСКИ ЦРКВИ. ”

Знаете ли дека таа негова улога е најважната улога што во еден Синод епископот може да ја има? Знаете ли колкав црковен и животен опит зад ова мора да стои? Знаете ли какво расудување за успешно извршување на оваа задача е потребно – да се препознае вистинското време кога да се смири човек и да премолчи, а кога одлучно да пресече и да понуди решение? Знаете ли какво изострено чувство за Божја правда е потребно, за тоа каде Светиот Дух Господ во конкретен случај дише? Знаете ли колку понижување и смирение за ова човек треба да претрпи? Знаете ли низ кој ритам на градење личносни односи треба да се помине за тоа достоинство меѓу другите да се стекне? Знаете ли колку љубов за МПЦ-ОА за ова треба да се има? Знаете ли дека сето ова не може да се помине и без штета по сопственото здравје? Ако доловите само малку од сето ова што го говорам, тогаш веднаш ќе ви стане јасна големината на личноста и делото на Дедо Тимотеј. Тој за нас, за МПЦ-ОА, е вистински дар Божји!

Дедо Тимотеј, ми беше посебна чест и радост да ја направам оваа кратка рекапитулација на Вашиот 35-годишен епископски труд. Се чувствувам мал и недостоен за Вашата доверба јас да го направам ова скромно изложување, скромно во споредба со Вашето дело и Вашата жртва за нашата автокефална МПЦ-ОА, но го направив од синовска послушност кон Вас. Бидете ни жив и здрав уште многу години! Вие сте за сите нас, што Ве љубиме и разбираме, нашиот Ангел Чувар. На многаја лета, Високопреосветен Владико Свет!

НОВОЗАВЕТНОТО УЧЕЊЕ ЗА ВОСКРЕСЕНИЕТО

ПРЕПОДОБЕН ЈУСТИН ЌЕЛИЈСКИ

Воскресението Христово ги потиснало сите дела, сите чуда, сета доголготска биографија Христова, и со силата на својата неизмерна вредност се наметнало себеси како центар на христијанството. Ако може христијанството да се сведе на настан, тогаш тој настан е Воскресението Христово. Ако христијанството може да се собере во еден ден, тогаш тој ден не е денот на Исусовото раѓање, туку денот на Исусовото Воскресение. Ако христијанството има почеток во времето, тогаш тоа не почнува од Витлеем, туку од Воскресението. Со својата необична и неодолива реалност фактот за Христовото Воскресение станува темел на христијанската проповед. Тоа е основниот факт; ако не се тргне од него, не може да се проникне во сложената тајна на Христовата Личност. Воскресението се објаснува со Овоплотението. До Воскресението Господ Христос учел за вечниот живот; со Воскресението докажал дека Он, е вечниот живот. Сета Негова наука за Воскресението добива оптична, експериментална потврда и објаснение. Ако не ја прими човекот таа најочигледна потврда, поочигледна нема да му се даде.

Со распетието на Голгота ужасот на смртта успеал да направи од учениците Христови немоќни очајници, и да ги соблазни. Се разбегала верата преполна со љубов, се скршила надежта. До вчера божествено семоќни, денес учениците се очајно немоќни; до вчера имале власт над смртта, власт над нечистите духови, власт над болните, а денес стравот од смртта ги напаѓа и од нивни-

те души ја истерува сета власт. За распнатиот Исус се соблазниле и оние што се колнеле дека никогаш нема да се соблазнат за Него (Мт. 26, 33). Не треба да се лажеме: срамната смрт на крстот била, е и секогаш ќе биде најголема соблазна за сите луѓе, кои сета Личност Христова ја сведуваат на тој момент и судат за Христос само преку тој момент. Христос е за нив или безумие или соблазна, нема трето (види: 1 Кор. 1, 22-24). Ако човекот се задржи на крсната смрт Христова како на завршен момент од Неговиот живот, тогаш не може да не се соблазни за Него. Кога хаотичниот и бунтовен Ниче го направил тоа, тој во својата богоборечка радост извикал: „Gott is gestorben“ - умрел Бог; првиот и последниот христијанин бил распнат на Голгота.

Распетието е настан полн со одбивни сили: тој прави да бегаат од Христос и Неговите најблиски пријатели; Воскресението е еден настан полн со привлечни, христоцентрични сили: ги привлекува кон Христос сите ученици што избегале, и со нив милиони верници. Тоа го собира она што го растурила смртта: собирноста и соборноста се неговиот непосреден плод. Од него се лачи некоја таинствена, кохезивна сила, која ги собира разбеганите души од ужасот на смртта, која ги соборнизира со самодржење и со саможивеење разединетите луѓе. До Воскресението Христово, благите вести можеле да бидат апстрактни за луѓето; Воскресението им дава творечка моќ на Христовите ученици за да ги остварат Неговите благи вести, да ги претворат во дела: Делата на апостолите. Воскресението е темелот врз кој се изградени делата на апостолите; без него тие се немоќни, апсолутно немоќни и апсолутно необјасниви. Воскресението е мост преку кој божествените благовести на Спасителот од сферата на мислите преминале во дела. Кога не би биле делата на апостолите, кои прагматично, со делата посведочуваат и потврдуваат за Воскресението Христово, тогаш со право би можело да се каже: навистина христијанството почнало и се завршило со Исус од Назарет.

Без Воскресението Христово апослутно е невозможно да се објасни пламената и нестрашлива проповед на апостолите, на оние апостоли што се разбегале поразени од ужасот на Голготската трагедија. Самото присуство на Воскреснатиот Господ Исус Христос можело да ги собере и да им ги запали душите со невидливиот религиозен пламен. Воскреснатиот Христос е магијата со која тие бесповратно се маѓепсани, радост со која се опиени неотрезнувачки. Тие горат во пожарот на својата радосна вера и со неа го запалуваат целиот свет. Воскресението ја сумира сета нивна проповед; во неа е сиот Христос, сета Негова сила, сета Негова незаменливост. Тие не живеат со себе, туку со Воскреснатиот Господ; Он не е само во нив, туку и околу нив; Он и нивната душа и нивното тело непрестајно ги исполнува со единствениот можен оптимизам во овој свет на песимизам, т.е. со чувствувањето и со сознанието дека смртта е победена со Воскресението. Бог го воскресна Исуса (Дела ап. 2, 32), тие го тврдат тоа без страв, зашто непрестајно го чувствуваат, непрестајно го гледаат, непрестајно го сознаваат. Семоќна пред луѓето, смртта се покажала немоќна кон Исуса: Оковите на смртта не можа да Го задржат; Он ги раскинал (Дела ап. 2, 24); Него Бог Го воскресна од мртвите, - ние сме сведоци на тоа, ние што избегавме од Него, кога вие Го мачевте, Го плукавте, Го тепавте и Го распнавте (Дела ап. 3, 15; 4, 10; 5, 30; 13, 30-31; 13, 37). Ние сме недостојни за Него, ние - јадевме и пиевме со Него по Неговото Воскресение од мртвите (Дела ап. 10, 41); а вие барате и заповедувате да не го споменуваме Името Исусово, но самите судете дали е право пред Бога да ве слушаме вас мнозинството, отколку Бога? Зашто ние не можеме да не зборуваме за она што сме го виделе и чуле (Дела ап. 4, 18-20).

> “ СѢ ШТО Е ХРИСТОВО, СО НЕГОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ Е ПОТВРДЕНО КАКО ВЕЧНО И БОГОВЕЧНО. ПОТВРДЕНО Е И ТЕЛОТО И ДУХОТ, И УЧЕЊЕТО И ДЕЛОТО. ”

Невозможно е да не им верувате на овие луѓе, зашто фактот за Христовото Воскресение го пронашле низ стравотен сомнеж. Тие многу критички и многу скептички го испитувале тој факт од секоја страна, и го проверувале непоштедно и со неверување. Кон Воскресението Христово тие на почетокот се однесувале со најголема недоверба; таа недоверба одела до навредливост: Првата вест за Воскресението ја нарекуваат лага (Лк. 24, 11). Единствено Марија Магдалена без резерва и без критика го прима тој факт; во тоа е нејзината ненадминлива големина и нејзиното апостолство (Мк. 16, 9-10). По Своето Воскресение Господ многупати и на многумина им се јавувал и правел дела на обичните луѓе за да ги убеди во Својата реалност. Он со учениците седи на маса, зема леб, го благословува и им го дава (Лк. 24, 30). И додека тие возбудено ја расправаат можноста за Неговото Воскресение, Он повторно застанува среде нив и им вели: „Мир вам! А тие, толку се исплашија и бидејќи беа застрастрашени, помислија дека гледаат дух“. Но Он, за најочигледно да им ја докаже психофизичката полност и реалноста на Својата воскресната Личност, им рекол: „Што сте збунети и зошто такви мисли влегуваат во срцата ваши? Видете ги рацете Мои и нозете Мои: Јас сум Истиот; допрете се до Мене и гледајте; зашто духот нема тело и коски, а, како што гледате, Јас имам. А кога го рече тоа, им ги покажа рацете и нозете. Но, додека тие од радост уште не веруваа и се чудеа, Он им рече: Имате ли овде нешто за јадење? Тие Му дадоа парче печена риба и мед со саќе. И кога зеде јадеше пред нив“ (Лк. 24, 36-39). Поочигледен, поексперименталeн доказ е невозможен, доказ дека Господ Исус и по Своето Воскресение е вистински човек и вистински Бог. Богочовекот Христос и по Своето Воскресение останал Богочовек, и тоа прославен и непорочно посведочен за Божји Син и Син Човечки.

Ако тоа не е доволно, тогаш искуството на апостолите нека биде дополнување на тоа. Неговата вера поминува низ жарот на сомнежот; тој прави над неа немилосрдна проба; најпосле непобитниот и најреалниот доказ дове-

дува до восхит, и радосно извикува: „Господ мој и Бог мој“ (Јн. 20, 24-29). Трогателното трикратно прашање на Спасителот со кое го исправил Петровото трикратно одрекување, се случува по Воскресението на брегот на Тиверијатското Море во присуство на сите апостоли (Јн. 21, 15-17). Ако бројот има некоја особено убедлива сила: Воскреснатиот Господ Христос им се јавил еднаш на повеќе од петстотини браќа (1 Кор. 15, 6).

Воскреснатиот Господ е нова реалност во сферата на човечкиот живот и поим; оттука толку тешкотии и пречки за усвојувањето на таа необична реалност. Воопшто, реалноста е несфатлива за човечката логика. Историјата на човештвото е преполна со настани кои не влегле во неа преку коритото на човечката логика, меѓутоа луѓето не ја негираат нивната реалност. Воскресението Христово е надлогична реалност, но толку очигледна и опиплива, толку проверена и посведочена што е невозможно да не се прими како историски факт. Од примањето на тој факт зависи примањето на Христос како Богочовек. Да не воскреснал, Христос би покажал дека е човек, само човек, а не и Богочовек. Единствено во светлината на Воскресението станува јасен и објаснив животот Христов на земјата: Неговото необично раѓање и смрт, Неговата чудотворна моќ и безгрешност, Неговата љубов и простувањето на гревовите. Ако го одземете Воскресението Христово, Му го одземате Боженството, Му го одземате она што го прави Богочовек, Искупител и Спасител. Преку Воскресението ние навистина го препознавме Богочовекот во Христос. Ако може да се потцени доказната сила на некои настани во Христовиот живот, никако не може да се потцени доказната сила на Христовото Воскресение, зашто со Воскресението од мртвите е силно посведочен за Син Божји (Рим. 1, 4). Но не само за Син Божји, туку и за Син Човечки, зашто дури во Воскреснатиот Богочовек, човекот го добива своето оправдување и смисла, ја победува смртта, станува вечен (види: Рим. 4, 25). Без Воскресението, Христовата голготска смрт би станала и би останала со право доказ на апсолутно осиромашување на Христовата Личност, дела и учење. Единствено во Неговото Воскресение Неговата смрт ја добива својата смисла и оправдување. Без Воскресението - христијанската вера е невозможна и бесмислена, зашто главниот ужас, главното злосмртта - не е победена: „Ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата наша“ (1 Кор. 15, 17). А да се верува само во Распнатиот, а не и во Воскреснатиот Христос значи да се осудиш на најголемата несреќа, на најголемиот ужас, и страдање, и бесмислено мачење (1 Кор. 15, 19). Нема ништо ново под сонцето освен Воскреснатиот Богочовек Христос. Христос воскресна од мртвите, и со тоа стана новост за сите смртни луѓе (1 Кор. 15, 20), новост за остарената во гревови човечка душа, новост и за човечкото тело растрошено во страдања. Новоста Христос, вечната Новост што никогаш не старее, што го прави Новиот завет секогаш нов, што служи како единствен залог и единствено средство за обновување на човекот и на сето човештво, на секоја твар и на сите суштества (види: Кор. 15, 20-24). Новоста Христос која вечно дава нова сила, нова радост, која создава нова душа, ново срце, нови луѓе, кои се раѓаат од Отецот преку Синот и живеат во Светиот Дух.

Сѐ што е Христово, со Неговото Воскресение е потврдено како вечно и богочовечно. Потврдено е телото и духот, учењето и делата. Воскреснатиот Господ ја поседува сета власт, новата власт, зашто со Своето воскреснато тело Он органски ги соединува небото и земјата, горното и долното, од небесното и од земното создава едно неделиво Тело, Богочовечки Организам - Црквата (Еф. 4, 8-16; Кол. 1, 15-28). Црквата има нова власт, благодатна и вечна. Со испраќањето на Своите ученици меѓу луѓето како овци меѓу волци, Господ при Своето вознесување ги охрабрува со тоа што им објавува дека Он ја има сета власт на небото и на земјата: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух... и ете, Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот“ (Мт. 28, 18-20). Присуството на Воскреснатиот Господ е неопходно за проповедта на христијанството, зашто Он не е само патот во човечките срца, и вистината за човечките срца, и живот за човечките суштества, туку и Зборот со кој Бог им се кажува Себеси на луѓето. Умот човечки затворен од гревови единствено Он го отвора кон вечноста на Троичната вистина (види: Лк. 24, 45). Со Својата воскреснувачка сила Он го воскреснува човечкиот ум, умртвен од гревови, во животот на богочовечката Вистина, една и единствена Вистина, и Воскреснатиот ум јасно сознава дека Воскреснатиот Господ е единствениот жив, а сите луѓе без Него и надвор од Него се мртовци, мртовци и само мртовци. Нашиот живототворен Спасител го поставил Своето Воскресение како прв и најнеопходен услов на апостолството. Без сесрдната вера во Воскреснатиот Христос - невозможно е апостолството (Јн. 20, 24-29; 20, 21-23).

Фактот за Воскресението мора да се прими како основна догма на христијанската вера и живот. Христоводените - апостолите својот живот и својата проповед ги засновале врз таа догма; визијата (видувањето) на Воскреснатиот Господ сосема ги изменило предизвикало во нив целосен пресврт и преображение. Од таа визија тие го гледаат светот; од таа визија тие чудотворат.

Збеснатиот христоборец Савле, не го обратиле во христијанството ниту апостолите, ниту нивните чуда, ниту нивното учење, ниту духоносната проповед на првиот ангел на Црквата - св. архиѓакон Стефан, туку видувањето на Воскреснатиот Господ Христос - Савле безрезервно и бесповратно Му се предал Нему. Воскреснатиот Христос „ми се јави и мене“ – како тогаш некои меѓу вас велат дека немало Воскресение на мртвите?“ - ги прашува апостолот Павле Коринтјаните (1 Кор. 15, 8-12). Неговото учење за Воскресението не е ништо друго туку претворање во збор на неговото лично искуство и искуството на другите апостоли. Тука нема ништо измислено, ништо додадено, ништо нереално, тука сѐ е засновано на лично-

то доживување, на личниот опит. Тој не создава апстрактна теорија за Воскресението, туку објаснува најреален факт, дава филозофски израз со своето и апостолско живо искуство (1 Кор. 15, 49).

Со својот христолик живот св. Павле ја оправдува својата филозофија за Воскресението, зашто и догмата за Воскресението, како и сите други догми, може да се оправда етички, опитно, со искуството. Сета етика на св. Павле е етика на Воскресението. Сета своја животна сила етиката ја црпи од фактот за Воскресението Христово. Без тоа е невозможно да се живее христијански; невозможно е без мрморење да се носи страшниот крст на животот. Само поради Воскреснатиот Христос, христијаните кротко ги поднесуваат маките и неволјите секој час (1 Кор. 15, 30; 2 Кор. 6, 4-10). „Секој ден умирам, браќа, ...каква е мојата полза? Ако мртвите не воскреснуваат?" (1 Кор. 15, 31-32). Каква ми е користа од страдањето поради Христа, ако тоа страдање не води во Воскресение и во блаженството на Воскресението? Ако нема Воскресение, ако мртвите не воскреснуваат, тогаш најлогично и најприродно е сите морални принципи да ги замениме со еден принцип: „Да јадеме и да пиеме, бидејќи утре ќе умреме!" (1 Кор. 15, 32); carpe diem (зграпчи го денот!). Без Воскресението е невозможно да се оправда страдањето; без оправдување на страдањето, мисловниот човек не може да не биде антихрист и богоборец; која било етика што не го признава Воскресението на мртвите, што не ја признава бесмртноста на човечката личност, во основата е анархична и нихилистичка. Само имајќи го постојано предвид чудотворниот лик на Воскреснатиот Господ и верувајќи во своето лично Воскресение човекот може да го замисли страдањето, може со трпение да трча во битката на животот што му е одредена (Евр. 12, 12).

Ако мртвите не воскреснуваат, тогаш човекот е гнилежен израсток на трупот што се вика земја. Ако нема Воскресение, тогаш овој свет е проклета лабараторија на гној, а секој човек е херметички затворено шише гној. Само Воскресението дава можност и сила човечката личност да може да се смета како блага вест и да може да се развива безгранично и бескрајно. Воскресението ја докажува бесмртноста на човечката душа и на човечкото тело и со тоа овозможува непрестајно, континуирано, вечно растење на човечката личност во сферата на Троичното Божество. Зборовите на Спасителот: „Бидете совршени како што е совршен Отецот ваш небесен" (Мт. 5, 48) можат да се остварат само ако човекот е бесмртен, ако воскресне со својата полна личност: и со телото и со духот. Би било невозможно да се израсне со растот Божји (Кол. 2, 19; Еф. 4, 13), ако смртта е завршен момент на моралното растење. Првиот, вистински прогрес станува можен само преку Воскресението, зашто тоа создава органска врска меѓу овој и оној свет, меѓу овој живот и вечниот живот.

Затоа што Воскресението Христово не е апстрактна теорија, туку настан и факт, не може апстрактно и теориски да се усвои туку со личен допир, со лична средба со Воскреснатиот Господ Христос. Најдобар пример за тоа се Делата на апостолите. Зашто сè што правел Христос, правел за да правиме и ние; сè што бил Он, бил за да бидеме и ние; сè што се случило со Него, се случило за да ни се случува и нам; Он станал Богочовек за да станеме ние богоподобни; Он живеел безгрешно и свето за да живееме и ние така; Он страдал, бил мачен за да страдаме и да бидеме мачени и ние; Он умрел за да умреме и ние со Неговата смрт; но Он и воскреснал за да воскренеме и ние со Него. Тоа лично соовоплотување на Него е неопходно за секој Негов следбеник. Со самоодречниот подвиг на верата човекот се пренесува себеси во Воскреснатиот Господ Христос, и почнува да живее со Него, да дејствува со Него. Растењето во тој живот се врши преку многу подвизи, постепено и органски: се оди од пониското кон повисокото, од првото кон последното. Преку Христовиот живот се оди во Христовата смрт. За да воскреснеме неопходно е претходно реално да ја усвоиме Христовата смрт како своја, зашто ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во Воскресението (Рим. 6, 5); зашто кога во крштението се погребавме во Неговата смрт, со Него и ќе воскреснеме. со Него ќе одиме во новиот живот на Воскреснатиот Господ (види: Рим. 6, 4). Ако сме умреле со Христос, ќе веруваме дека со Него и ќе живееме (Рим. 6, 8), ќе живееме со Него вечно, зашто Христос воскресна од мртвите, не умира повеќе; смртта нема веќе власт над Него (Рим. 6, 9; 6, 10-11; 6, 22-23).

Кој нема да ја проживее реалноста на распнатиот Господ, не може да ја проживее ниту реалноста на Воскреснатиот. Во Воскресението се влегува преку распетието. А без Воскресение нема спасение (Рим. 10, 9). Распетието не може да се избегне. За да воскресне човекот со Христовото Воскресение, најпрво треба да умре со Неговата смрт. Верни се зборовите: „Ако со Него сме умреле, со Него и ќе живееме" (2 Тим. 2, 11). Дека е тоа неопходно и најнеопходно, дека ја содржи тајната на христијанскиот живот, ни сведочи човекот (ап. Павле) кој за време на животот бил вознесен до третото небо, во рајот, и слушнал неискажливи зборови (2 Кор. 12, 2-4). Ако на никој друг не му веруваме, нему можеме, зашто сè што зборува, зборува од лично искуство, од личен опит; секој негов збор е доживеан, извајан од искуството. Тој својата вера ја оправдал со својот живот, со својот живот ја докажал; во неа сè е реално, сè е опитно, нама ништо фантастично, ништо измислено. Полн со живототворното и спасоносно искуство, тој храбро исповеда: „Затоа сметам дека и сè друго е загуба... сè сметам за отпад, само за да Го придобијам Христос, и да се најдам во Него, за да Го познаам Него, и силата на Неговото Воскресение, и учеството во Неговите страдања, грижејќи се мојата смрт да биде слична со Неговата, та некако да го достигнам Воскресението на мртвите" (Фил. 3, 8-11). Сета негова етика се движи во таа сфера, во границите на тие желби.

Преку гревопадот сите умревме, преку Воскресението сите оживува-

ме. И како што по Адам сите умираат, така и во Христос сите ќе бидат оживеани (1 Кор. 15, 22). Адам го вовел човечкиот род во одвратниот и човекојаден тунел на смртта, Христос нè извел од него на патот кон бесмртноста. Уште за време на земниот живот во смртните тела на Своите верници Воскреснатиот Господ ги сложува залозите на бесмртноста, и ги оживува на живот вечен со Светиот Дух (Рим. 8, 11). Никој не обраќа на човечкото тело, на неговата светост и бесмртност, толкаво внимание како Господ Христос. Он направил сè за да му осигура бесмртност и вечност. Оној што ќе го поведе своето тело по патот Христов, нема сомнеж дека ќе го воведе во живот вечен. Вистинските христијани секогаш тоа го прват, и заедно со апостолот Павле извикуваат: „И секогаш во телото наше ја носиме смртта на Господ Исус, така што и животот Исусов да се открие во телото наше. Зашто ние, живите, постојано се изложуваме на смрт заради Исус, та и животот Исусов да се открие во нашето смртно тело“ (2 Кор. 4, 10-11). Воскреснатиот Господ им дава сила на христијаните трпеливо да го поднесуваат распаѓањето на својот надворешен човек, додека внатрешниот се обновува секој ден: и додека се случува тоа, тие гледаат на вечноста како на своја вистинска татковина (2 Кор. 4, 16-18). Воскреснатиот Господ како жива, вечно жива творечка етичка сила, го овековечува животот на човечката личност, и не го пренесува од земјата на небото само животниот центар на душата туку и телото човечко (Фил. 3, 20).

Новозаветното учење за Воскресението битно се разликува од сите други учења за Воскресението. Се разликува со тоа што се засновува и изведува од воскреснатата Личност на Богочовекот Христос. Во христијанството Воскресението не е теорема, не е принцип, не е некоја надлична или безлична схема, туку полна, Богочовечка Личност. „Јас сум Воскресението и животот; кој верува во Мене, нема да умре довека“ (Јн. 11, 25-26). Другите религии, и некои филозофии, даваат дискурсивно, априористичко, безлично решавање, или подобро кажано - објаснување на тој проблем. Христијанството има воскресната Личност (=Христос), и со таа Личност го докажува Воскресението на мртвите. Во тоа е неговата новост, вечна новост и магија. Тоа нема потреба да измислува логички докази; тоа ја покажува Личноста, го покажува вечно живиот Богочовек Христос: „дојди и види“ (Јн. 1, 46).

Животната смисла на секој христијанин е својата личност да ја направи составен, органски дел во Телото на Воскреснатиот Христос (=Црквата). Ако го направи тоа, нему повеќе не му е потребно докажување на Воскресението од мртвите, зашто веќе има чувство во себе дека е бесмртен и вечен. „Првиот човек е од земјата, земјен; вториот човек е Господ од небото. Каков е земјениот, такви се и земјените; и каков е Небесниот, такви се и небесните; и како што го носиме ликот на земјениот, така ќе го носиме и образот на Небесниот“ (1 Кор. 15, 47-49; сп. Рим. 8, 29; 2 Кор. 4, 4; 3, 18). Ако Христос воскреснал, тогаш непотребно е да прашаме дали ќе воскреснат и оние што се облекле во Христа и што станале Негови сотелесници. Секое минливо човечко суштество ја добива својата неминлива смисла и значење во Воскресението; смртното суштество ја добива својата смисла кога ќе се облече во бесмртноста, распадливото - кога ќе се облече во нераспадливост; а сите луѓе, сè што живее, што живеело и што ќе живее - ја добива својата завршна, вечна смисла во Воскреснатиот Христос, единствениот што ја победил смртта, и гревот, и пеколот, и ѓаволот (1 Кор. 15, 53-56). Христијаните не со себе, туку со Христос ги победуваат смртта и гревот; воскреснуваат од гробот на саможивиот егоизам; Он е нивното Воскресение и живот (1 Кор. 15, 57; Рим. 8, 37); во Него тие имаат сè: Алфа и Омега (Откр. 1, 8): Тој е глава на телото, односно на Црквата. Тој е почеток, прворoден од мртвите, за да има првенство во сè (Кол. 1, 18).

За смртните луѓе, неуките и учените, богатите и бедните, Воскресението е нешто ново. Сè остарело со гревот и со смртта; Воскресението е победа над таа остареност; Воскресението е пролет за душата и телото, новост која остарениот човеков ум тешко ја прима. Кога апостолот Павле на Ареопаг во Атина на филозофите им проповеда за Воскресението Христово од мртвите, тогаш едни од нив велат дека е тоа „нова наука“ а други му се потсмеваат (Дела ап. 17, 19-20; 17, 32). Но тоа е нова наука и нов живот, нова надеж и нова радост. Христос воскреснал, значи: Воскресението станува неопходна догма за секој христијанин (Кор. 15, 21-23). Во тоа е единствената надеж, која може да го спаси човекот од последниот самоубиствен очај: „Браќа, не сакаме да бидете во незнаење за оние кои се упокоени, за да не тажите како и другите, што немаат надеж. Зашто, ако веруваме дека Исус умре и воскресна, така Бог и упокоените преку Исус, ќе ги доведе со Него... Ќе воскреснат мртвите... и така секогаш ќе бидеме со Господ“ (1 Сол. 4, 13-17). „Еве, тајна ви кажувам: ...сите ќе се измениме, одеднаш, за еден миг на око, на последната труба: зашто ќе затруби, и мртвите ќе воскреснат нераспадливо“ (1 Кор. 15, 51-52). За тоа зборува и Евангелието при опело: „Вистина, вистина ви велам: иде часот и веќе е дојден, кога мртвите ќе го чујат гласот на Синот Божји, и тие што ќе го чујат, ќе оживеат... Не чудете се на ова, зашто иде часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро - ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јн. 5, 25-29). Воскресението од мртвите е волја на Отецот Небесен, оттаму и смислата на секоја човечка личност. Без Воскресението сè ја губи својата смисла; единствено во Воскресението ја добива смислата, зашто не пропаѓа, туку воскреснува во вечен живот (Јн. 6, 39-40; Лк. 14, 14). Оној што ќе стане син Божји, неминовно станува и син на Воскресението (Лк. 20, 36).

„Што? Зарем вие мислите дека не може да се верува дека Бог воскреснува мртви?“ - прашува ап. Павле. И веднаш одговара дека и самиот така мислел; и не само што мислел туку и бесно се борел против измислената бајка за Воскре-

сението на Исус од Назарет; се борел сè додека не го видел самиот воскреснат Исус, и по видувањето - од најстрасен христоборец станал најодушевен проповедник на Воскреснатиот Христос (види: Дела ап. 26, 8-16).

Христос воскреснал, но Он бил Богочовек; а како е можно да воскреснат обични луѓе? Прашајте ги Евреите што присуствувале на Лазаровото Воскресение (Јн. 11, 32-46; 12, 17-19). Христос го воскреснал својот пријател Лазар; тоа е историски факт; но како се случило тоа, како се одвивал тој процес од својата внатрешна страна, тоа е неразбирливо за грешниот човеков ум (Јн. 11, 11-14). Воскреснатиот Лазар е жива проповед за сеопштото Воскресение. Гледајќи го него воскреснат, многу Евреи поверувале во Исуса поради него, а првосвештениците се договарле и Лазара да го убијат и со тоа да ја отстранат толку слаткоречивата проповед за Исуса - Воскресителот на мртвите (Јн. 12, 10-11). Дека мртвите воскреснуваат, сведочи Јаир, чија ќерка - единица ја воскреснува Исус (Мк. 5, 22-43; Мт. 9, 18-25; Лк. 8, 41-56). Сведочи и наинската вдовица, чиј син - единец го воскреснува жалосливиот Господ (Лк. 7, 11-15).

За Христос Воскресението е природна неопходност, а смртта е спиење, сон (Јн. 11, 11-13; Мк. 5, 39). Победителот на смртта ги воскреснува од мртвите оние што Он сака. За тоа имаме историски факти, но самиот процес на Воскресението е неразбирлив за луѓето, и на многумина им служи како повод за одрекување и на самото Воскресение.

„Како ќе воскреснат мртвите и во какво тело ќе дојдат?“ - тоа се стари коринтски прашања, стари и секогаш нови (1 Кор. 15, 35). Но ап. Павле на нив богомудро одговорил: „Безумнику, тоа што го сееш ти, нема да оживее, ако не умре. А кога сееш, не го сееш телото, кое треба да настане, туку голо зрно... но Бог му дава тело, какво што сака, и тоа на секое семе негово сопствено тело... Така е и со Воскресението на мртвите: се сее за распаѓање; воскреснува во нераспаѓање... се сее тело душевно-воскреснува тело духовно“ (1 Кор. 15, 36-44). Тоа значи: суштината на зрното, неговото таинствено израснување го води Бог (сп. 1 Кор. 3, 5-9); телото телесно на таинствен начин станува духовно: суштината на телото и на духот, суштината на личноста човечка ја знае само Бог, оттаму и Воскресението на личноста бива со Бога: од телесното тело при Воскресението Бог го зема она што го сочинува сушествениот дел на човечката личност; во својата последна суштина и материјата е духовна, и телото е духовно тело.

Очигледно е дека Воскресението Христово е најнеопходната потреба во новозаветната економија (домостројот) на спасението. Алфа и Омега на Воскресението е воскреснатата личност на Богочовекот Христос. Со него е предодреден самиот факт и самиот процес на сеопштото Воскресение. Христовиот мачен подвиг за спасението на светот е крунисан со Неговото Воскресение од мртвите. Затоа Неговото Воскресение го исполнува безнадежното човеково срце со жива надеж и со радост (1 Петр. 1, 3). Без Христовото Воскресение животот би бил бесмислен, страдањата би биле неоправдани, гревовите неискупливи. „Ако, пак, Христос не воскреснал, тогаш празна е и нашата вера“ (1 Кор. 15, 14), напразна е науката, напразна е филозофијата, напразно е страдањето, напразен е сиот живот.

ЗА ЛИТУРГИЈАТА

СВ. ЈОВАН КРОНШТАТСКИ



Има ли нешто повеличествено, потрогателно, поживотворно на земјата од св. Литургија? Во неа се изобразува и извршува највеликата тајна на љубовта Божја кон човечкиот род – соединувањето на Бог со луѓето преку воплотувањето, богонауката, преку страданието, смртта, погребението и воскресението – тајна на обновувањето и обожението на човештвото, тајна на соединувањето на луѓето со Бога преку вкусување од Неговата Плот и Крв. Таа тајна со своето величие го поразува умот и секој разумен христијанин неволно го влече кон побожност, благодарност и славословие Божјо. Делото Божјо, извршувано на Литургијата, ги надминува со своето величие сите дела Божји извршени во светот и самото создавање на светот. Тоа е вистинско небесно Божјо служење на земјата; кој присуствува на таа служба разумно и достојно, добива блаженство, мир и утеха за својата душа! Таа го храни умот, го весели срцето, доведува солзи на умиление, побожност, благодарност, побудува кон несебични подвизи на љубов, милосрдие и сострадание кон сите луѓе, сите ги соединува во еден братски сојуз, во еден сојуз ги сврзува небото и земјата – ангелите и луѓето; сите ги радува со надежта за

воскресението и бесмртноста.

О, колку е величествена, света, спасителна и сакана Литургијата за христијаните! Храмот навистина станува небо! Затоа што Бог во Троица слегува врз светиот животворен престол секој ден и го извршува преголемото чудо на Своето милосрдие, претворајќи ги лебот и виното во пречисто Тело и пречиста Крв на Божјиот Син и верните ги удостојува со нив.

Литургијата е дух и живот; нејзината замисла е сите да бидат едно во Христа (Јован 17:21); човекот е безмерно возљубен од Бога, бидејќи е образ Божји, но тој е паднат образ Божји, кој е востановен и повторно дигнат преку крајното смирение и понизување на Божјиот Син. Благодарение на Света Троица, Која нѐ спасува! Човекот непрестајно се востановува, обновува, спасува со пречистото Тело и Крв Христови, се обожува. Литургијата е најголемото чудо на благоста, премудроста, семоќноста на Господа Бога, таа е непрестајно чудо, со радост и страв, со љубов кон Бога и еден кон друг треба да присуствуваме при нејзиното извршување. За време на Литургијата, секогаш невидливо служат небесни Сили. Со свештеникот служат сите светии и сите ангели.

Литургијата е непрестајно, громогласно свидетелство за Божјото милосрдие кон нас, искупување, обожение, семоќност, премудрост, правда, светиња.

Литургијата непрестајно ни напоменува за највеликото чудо, извршено на земјата од Бога, според Неговата бескрајна љубов кон луѓето, имено – дека Бог се јавил на земјата во нашата плот, ги учел луѓето, пострадал и умрел за нас и воскреснал од мртвите, – и преку тоа ни напоменува за љубовта кон Бога, кон правдата, кон Неговата светост, кон милосрдие и небесно мудрување. Тоа што се извршува за време на Литургијата со своето величие, благост, премудрост, бесконечна крепкост, бесконечна правда ги поразува сите ангелски умови, тоа е тајна на воплотувањето и земниот живот на Господа, Неговите учења, чудеса, страданија, смрт и воскресение, пресуштествувањето на лебот и виното во вистинско Тело и Крв на Господа и причестувањето на верните со нив... Литургијата е небесно служење на земјата, најголемото чудо на Божјата љубов и правда – служење на бесмртноста на човечкиот род, голема победа на Божјото милосрдие над човечките гревови, голема победа над ѓаволот, која се извршува секој ден и им овозможува вечно блаженство на оние кои го победуваат ѓаволот со вера и покајание; таа дарува бесмртна храна и питие, очистување на гревовите, осветување и вечен живот.

Сите обреди, свештенодејствија и молитви на свештенослужителите за време на Литургијата, бараат чисто внимание и смисла, бодар и пламтечки со вера и љубов дух, затоа што целото тоа свештенодејствие е Божја премудрост. За такво кратко време и во такво мало пространство се припомнуваат толку грандиозни збуднувања, кои се случиле во разно време и на разни места, збиднувања кои ја изразуваат бездната на Божествената премудрост, благост, сила, долготрпение, правда, милосрдие. Тука треба секоја секунда да го следиш секое слово, дејствие и обред со поглед, слух, мисла, срце, та ништо да не испуштиш, да не пропуштиш без внимание, поучување, усовршување. Да, Литургијата бара душа мудрољубива, претходно очистена, несврзана со житејски пристрасности и грижи, устремена нагоре.

Колку е возвишена Литургијата на Јован Златоуст и Василиј Велики! Каков небесен дух! Каква широка љубов кон Бога и луѓето! Какво небесно срце! Целата земја, со сите нејзини сокровишта, убавини, сладости, е ништо пред таква тајна, каква што е пречистото Тело и Крв на Господа, каква што е свештенодејствието на Литургијата! Нема ништо поголемо и повелико од Литургијата – ниту на небото, ниту на земјата.

О, висина, о величие, о убавина и сладост на божествената Литургија, о богатство на духот и наше блаженство! За време на Литургијата небото и земјата се соединуваат; Бог – со луѓето, ангелите небесни се земни жители, сите свети праотци, патријарси, пророци, апостоли, евангелисти, ерарси, маченици, преподобни и сите светии! О, каков светол, свет, љубовен, небесен, прекрасен, блажен сојуз! Литургијата е чудна, величествена и божествена служба на земјата! Во неа земаат учество не само земните свештено и црковни служители и мирјаните, туку и небесните ангелски чинови и сите свети Божји угодници, кои живеат на небесата; од неа имаат полза и нашите покојници или преисподните (за време на Литургијата преклонува колена сѐ што е небесно, земно и подземно (Филип. 2:10), како што тоа се гледа од самата содржина на Литургијата и од нејзиниот претходен дел, проскомидијата).

О, Литургија света, божествена, премудра, сесовршена, сеочистителна, сеспасителна, сеосветителна! Кога јас ќе те изложам со крајна желба и радост во слатки беседи со народот? – Има за што слатко и за радост на сите верни да се побеседи при изложувањето на нејзината содржина и смисла! Ти си жртва о всех и за всја (за сите и за сѐ), – за сите светии (жртва благодарствена и хвалебна) и за сите живи и умрени (жртва умилостувачка и очистителна). Чудна е твојата сила, твоето величие, твојата сеопфатност! Ти си похвала и слава на Светата единосуштна и неразделна Троица! Ти си општење на небото и земјата – на ангелите и луѓето! Ти го симну-

> ПОЛЗАТА ОД ЛИТУРГИЈАТА, ИЗВРШУВАНА СО ПОБОЖНО ВНИМАНИЕ, Е НЕИЗМЕРНА НЕ САМО ЗА ЦЕЛАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, ТУКУ И ЗА ЦЕЛАТА ВСЕЛЕНА, ЗА СИТЕ ЛУЃЕ ОД СИТЕ ВЕРИ И ИСПОВЕДИ, ЗАШТО БЕСКРВНАТА ЖРТВА И МОЛИТВИТЕ СЕ ПРИНЕСУВААТ НА ГОСПОДА ЗА ЦЕЛАТА ВСЕЛЕНА...

ваш на земјата непрестајно воплотениот Бог и Светиот Дух заедно со соприсносуштниот Отец! Ти ја обрнуваш земјата во небо! Ти ги правиш земните луѓе небесни, и колкумина си направила такви – нема број – во сите минати векови и сегашни, и ќе направиш во идните!

Литургијата е најдобриот пробен камен за нашата духовна состојба: живи ли сме или мртви – што се гнезди во нас, какви страсти, какви душевни немоќи? Зошто луѓето често пати биваат така студени кон Литургијата? – Од недостаток на расудување, од маловерие и неверие и од житејски страсти... Има ли нешто поважно, повеличествено, почудотворно, посвето, побожествено, потрогателно од Литургијата? Но, мнозина од христијаните се мртви, глуви за неа, стојат безволно, студено, блудејќи со мислите и погледот. Од која причина? – Од недостаток на вера во тајната и особено од недостаток на размислување за нејзиното величие, светост, животворност и за нејзините плодови – обновувањето и вечниот живот. Мнозина се глуви поради приврзаноста на нивното срце кон привременото и тлено богатство, кон житејските наслади, кон разни плотски похоти.

Треба да бидеме особено внимателни кон она што го чувме за да не отпаднеме (Евреите 2:1)... Литургијата е противтежа и отпор на постојаното тление, кое господари со светот; таа ги осветува осквернетите од гревопаѓањето, ги исправува грешниците, ги дига паднатите, ја прогонува гревовната смрдеа; таа е благоухание на Светиот Дух.

Ползата од Литургијата, извршувана со побожно внимание, е неизмерна не само за целата Православна Црква, туку и за целата вселена, за сите луѓе од сите вери и исповеди, зашто бескрвната жртва и молитвите се принесуваат на Господа за целата вселена: заради извршувањето на Литургијата Господ долго трпи и го милува целиот свет, дарува изобилие на земни плодови, граѓански успеси, успеси во науката, искуствата, во земјоделието, во домашното стопанство; Господ ги милува не само луѓето, туку и добитокот кој му служи на човекот. О, Литургија чудесна, Литургија вселенска, Литургија божествена и боготворна! О, знак на безмерната Божја љубов кон грешниот свет, кој погинува во гревови! Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот (Јован 3:16).

И јас, многугрешниот, сите денови на мојот благосостојбен живот и ги должам само на Литургијата, која секојдневно се застапува и за мене со неискажливите воздишки на Светиот Дух (споредi Рим. 8:26). Амин.

Божествената служба, при нашата борба со гревовите и противните злобни сили, чудесно обновува, закрепнува, очистува, ободрува; и таа за мене е најголемото богатство во животот. Му благодарам за тоа на Господа. Бесценето богатство ми е дадено од Господа во богослужението. Во него е животот на нашата душа, целото нејзино сокровиште; тука е нејзината татковина, нејзиниот живот, нејзината светиња, нејзиното воспитание, нејзината храна и питие, сила и слава.

ГОЛЕМОТО ИМЕ НА ЖЕНАТА

МИТРОПОЛИТ АТАНАСИЈ ЛИМАСОЛСКИ

“

МОЕТО ПОТЧИНУВАЊЕ Е НИШКАТА ШТО МЕ ПОВРЗУВА СО ХРИСТОС И СО ВЕЧНИОТ ЖИВОТ. СО ПОТЧИНУВАЊЕТО ПРЕД СОПРУГОТ, ЖЕНАТА ГО НАОЃА СВОЕТО ИСПОЛНУВАЊЕ, СВОЕТО ЛИЦЕ, СВОЈАТА СЛОБОДА.

”

Во создавањето големо е значењето на женскиот принцип (начело). Тоа сè исполува на сите нивоа од човечкото постоење, како на личното така и на општественото. Жената дејствува на еден сосема друг начин: таа како некој филтер чисти од зло. Женската природа е Божјо творештво.

Кога човекот го проучува Божјиот свет, гледа како Бог премудро уредил сè во него. Истото во уште поголема мера се однесува и на самиот човек: во биолошка, и во психолошка, и во духовна смисла. И од било кој аспект. Како на мажите, така и на жените.

Голема работа е мажот да научи да ја разбира својата жена: да знае како да ја израдува, како да постапува за да биде таа среќна и задоволна. Затоа што жените имат свој посебен јазик, и мажот треба да научи да ја слуша и да ја разбира својата жена. Овде не станува збор за зборови, туку за тоа дека човекот треба да разбере повеќе отколку што можат да кажат зборовите, многу незабележливи, но важни ситници.

Треба многу добро да се познава душевното устројство на својата сопруга, не само на конкретната жена, туку на женската природа воопшто. Исто како што и жената треба да ги разбере особеностите на устројството на машката душа. Мажот често не може да сфати дека женската душа е сложена како лавиринт и поради тоа му станува тешко. Не е лесно да го пронајдеш вистинскиот пат во лавиринтот! На мажот не му е лесно да го фати невидливото во она што го гледа и да го слушне неискажаното во она што го слуша, а притоа да го сфати она што само сè подразбира.

Жените секогаш дејствуваат поинаку од мажите. Така уредил Самиот Бог, зашто жената е мајка. Таа се одликува со нежност. Уредувањето на нејзината душа е бескрајно сложено, затоа што на неа природата ѝ доверила таква задача. Женското присуство претставува друга (поинаква) нота во самата природа. Кога мажот стапува во брак, треба добро да разбере дека не се жени за да има деца. Жената не е апарат за раѓање деца кој подоцна сè става на полица, притоа восхитувајќи сè на децата што ги донела на свет. Тоа е грешка што ги разурнува човечките односи меѓу сопружниците.

Кога во Новиот завет се вели жената да му се потчинува на својот маж, не се мисли на тоа дека жената треба да му стане робинка на мажот. Тоа значи дека жената треба да се однесува кон мажот со љубов и дека треба со сета душа да го прифати својот сопруг. Апостол Павле учи дека жената треба да му се потчинува на мажот, а мажот треба да ја сака својата жена како што Христос ја засакал Црквата; оној што ја сака својата жена, се сака себеси. Апостол Павле ги има во предвид специфичностите на двата пола. Додека на мажот му е потребно, во согласност со неговата машка природа и устројство, жената да го сака. Да не го отфрлува, да не се сомнева во него. Не затоа што е безгрешен туку затоа што му е потребно да слушне убав збор, да го слушне она што ќе му даде сила за живот понатаму. И ако греши, тоа треба да му се каже со голема добрина и благост. Како што на жената според нејзината природа и устројство ѝ е потребна љубов од мажот, и тоа да чувствува топлина и нежност од негова страна: Така е создадена според својата женска природа. Мажот треба да ја сака својата жена и да се однесува кон неа со нежност, а жената треба со сета душа да го прифати и да му се потчинува - не од ропско чувство туку од чувство на преданост.

Потчинувањето во бракот значи дека човекот ги надминува границите на своето „јас“: Се усовршува со отсекување на сопствената волја. Секогаш дејствува од љубов кон Христос. Во мажот не треба да гледа тиранин, господар и властодржец; во сè треба да го гледа Бога: „Блазе му на човекот кој секој човек го почитува како бог, по Бога“. Му се потчинувам на сопругот од љубов кон него, како што му се потчинувам на Христос, затоа што Го сакам. Моето потчинување е нишката што ме позврзува со Христос и со вечниот живот. Со потчинувањето кон сопругот жената ја наоѓа својата слобода, своето лице, своето исполнение.

Мажот е главата на жената како што Христос е Глава на Црквата и Спасител на телото на Црквата. Тоа не значи дека мажот е над жената, или дека жената е полоша од мажот, туку како што е кажано во книгата Постанок: и Господ Бог ја создаде жената од реброто што го зеде од Адам (1 Мојс. 2, 22). Тој тоа го направил за да чувствува жената дека со мажот прави една целина. Бог тоа го направил и со цел мажот да не си рече себеси: „Туѓа ми е, немам никаква врска со неа - таа е едно, а јас сум друго“.

Бог зел ребро од мажот, и Адам кога ја здогледал Ева, рекол: „Тоа е коска од моите коски и тело од моето тело- ќе се вика жена“. Односно, таа не е туѓа, туку е моја, иста таква каков што сум и јас! Ете од каде потекнува стремежот на еден кон друг: зашто двајцата настанале од еден.

„От ребра јего восоздавиј жену, и спрјагиј јему помошчница“ (Оној што од неговото ребро ја создал жената, и впрегнал со него помошничка). Запрегата е во пар впрегната. Односно, Бог ги зел жената и мажот и ги впрегнал заедно во брачната запрега со цел тие луѓе заедно да го носат крстот и товарот на својот брак. Тоа не е казна, туку пат. Одејќи по тој пат сопружниците треба да остварат врска со Бога. Христос е Главата на Црквата, и Главата треба да ѝ служи на Својата Црква, да ја спасува, а не да ја угнетува. И Он ја спасува, принесувајќи се себеси како жртва, за неа е распнат и за неа воскреснал. Така и мажот е поставен да биде глава на жената за да ја штити, за да ѝ служи, за да ја чува жртвувајќи се, и ако е потребно, да умре за неа и за своето семејство. Апостол Павле вели дека мажот е главата на жената (Еф. 5, 23). А еден мудар старец додава: „Да, но жената е срцето на мажот“. Исто како што телото без глава не е тело, така и без срце е мртво, вкочането, студено. Ако мажот е главата на жената, жената е срцето на мажот. Затоа Господ не ги направил еднакви: токму со цел да сè дополнуваат, двајцата зедно. Потчинувањето на жената значи дека таа ја прифаќа неговата жртва, заштита, служење, неговиот стремеж да ја чува, и ако биде потребно, да умре за неа.

А мажите треба да ги сакаат своите жени како што Христос ја сака Својата Црква. Он не ја засакал Црквата со цел таа да Му служи, туку за да ја освети и исчисти. Со цел да нè приведе нас кон Себе прославени со Неговата слава, како оние што се без грев, порок и нечистота, за да бидеме свети и непорочни пред Него. Затоа и мажите треба да ги сакаат своите жени како сопственото тело: Оној што ја сака својата жена, се сака себеси.

Нема ништо чудно во тоа да ја сакаш и да ја почитуваш, а не да ја задушуваш својата жена, зашто твојата жена - си ти самиот. Дали го сакаш своето тело, се грижиш за него, му даваш одмор и го негуваш? Исто така, вели апостолот Павле, треба да ја сакаш и да ја браниш својата жена, да се грижиш за неа и да ѝ служиш, зашто таа не е ништо туѓо, туку твоето сопствено тело, ти самиот.

Во сопружничкиот живот мажот и жената духовно созреваат, и во тоа единство нема и не може да има никаква поделба. Не може душата да се одвои од телото. Исто така и сопружниците, како душа и тело, треба да бидат така поврзани, да не ги дели ништо.

Кога Црквата вели дека жената во сè треба да го слуша мажот и дека мажот е главата на жената, овде не станува збор за тоа дека жената му е робинка на мажот која нема разум и волја, туку напротив, за согласувањето на брачните другари. Зашто човекот во послушанието ја стекнува својата најголема слобода. Кога на другиот ќе му се потчиниш доброволно и свесно, ќе станеш сесилен и навистина слобо-

ден. Послушанието е голема работа! Оној што сам ќе се потчини поради љубов кон Бога ќе сфати што е живот, што е слобода, што е радост!

Значи, двајца се спојуваат и се учат на оваа голема тајна: жената да го поддржува својот маж, а мажот својата жена. Мажот треба да сфати дека дома, во близина на жената, ќе најде мир. Тоа му е неопходно по природа. А жената треба да научи да му биде радост и утеха на својот маж.

Жената треба да чувствува дека главата, односно мажот е нежен и внимателен кон неа, дека се грижи за неа, дека ја почитува и цени. Како што мозокот се грижи за телото, така мажот треба да се грижи неговата жена да не биде сама.

Сето тоа не се вклопува во обичните човечки претстави, затоа што има друга димензија: Христос и Црквата. Кога во темелот на брачните односи се наоѓаат Христос и Црквата, тие односи се продлабочуваат и се осветуваат, отаде во нив се открива перспектива која се стреми кон вечноста. Нивната цел е да ги доведат мажот и жената до Христос, до соединување со Него.

„Блазе му на човекот кој секој човек го почитува како бог, по Бога“.

Му се потчинувам на сопругот од љубов кон него, како што му се потчинувам на Христос, затоа што Го сакам. Моето потчинување е нишката што ме позврзува со Христос и со вечниот живот.

ЕПИСКОПОТ ВЕЛИЧКИ ГАВРИЛ

ИГУМЕН ГАВРИЛ (ГАЛЕВ)



За светата личност за која се дрзнувам да пишувам, не сум достоен ниту да помислам, а дури и неговото име го носам и го сквернам. Го молам светителот да ми прости, но и да ме благослови и да ми ја просветли мислата успешно да го завршам пишувањето на ова негово кратко житие, како еден мој најмал дар и благодарност кон него.

Потекнуваме од ист град, па дури и од исто маало, а јас, за жал, не го паметам.

Знам дека кога се воцрковив и кога почнав редовно да одам во црква, да читам духовна литература, да постам и да се молам, ме споредуваа со некој си Мијалче. Воопшто не знаев дека тој Мијалче, всушност е отец Гаврил Светогорецот и дека еден ден ќе бидам удостоен од Бога да бидам наследник на неговото име (интересно е тоа кога посакав да станам монах и кога прв пат поседов во манастирот во Водоча, мојот духовен отец, Владиката Наум, без да знае дека толку го сакав, веднаш ми го даде неговото име).

За него имам слушнато уште од моите родители и првите соседи што го познаваа. Ми раскажуваа дека една година кога дошол во својата родна куќа, ја забележал нашата детска љубопитност и нè викнал кај него дома заедно со другарчето, ни дал бонбончиња и ни зборувал. Така неколку дена, а потоа заминал и не се вратил повеќе. На моја радост или жал, тоа е мојата единствена средба со овој свет човек, кој ни бил блиску, а толку далеку.

Монах во светот

Епископот Велички Гаврил е роден во 1926 година, во Штип од православни родители, Методиј (подоцна со монашко име Кирил) и Горица Парнациеви. Основно образование, а потоа и гимназија завршил во родниот град. Уште како млад се карактеризирал со посебна кротост и послушност. Во учењето бил остроумен и со посебен наследен талент во ликовната уметност која ја крунисал и со диплома од белградскиот универзитет, отсек вајарство во 1955 год.

Бил еден од подобрите вајари во државата. Подоцна се вработува како професор по историја на уметноста и ликовно образование во штипската гимназија.

Од 1944 година бил учесник во НОВ. Во почетокот на војната бил вклучен како партизан, а по завршувањето на борбите, во 1947 година бил прекомандуван во Корпусот на народната одбрана, во единици стационирани на граница, како специјални одреди составени од одбрани борци. Најпрво бил на граничниот сектор кај Делчево (Царево Село), потоа во Кавадарци, и на крајот на граничната линија на Кајмакчалан. Во својата единица бил на должност - писар, како строго доверливо лице. Едно време бил и секретар на Скоевската организација. Поради големата ревност во службата и примерно однесување бил предложен и за прием во КПЈ, но поради тоа што „одел во црква" никогаш не станал нивни член. Се стекнал со чин водник и е одликуван со орден „Заслуги за народ". По демобилизацијата извесно време бил на служба во градскиот народен одбор во Штип. Две лета учествувал и на работни акции во Нов Белград како и на автопатот Белград – Загреб, каде што добил и пофалници.

Потоа се запишал на Факултетот за ликовни уметности во Белград. По дипломирањето, во 1955 година, работел како професор по уметност и историја на уметноста во гимназијата и Учителската школа во Штип. Според оценката на ревизорот, познатиот уметник Борко Лазевски, тој бил „еден од најспособните педагози во Македонија". Поради мошне развиената вон училишна настава, штипската гимназија била прогласена и за најдобро средно училиште во Македонија. Една од вон часовните активности на децата било и издавањето на училишниот весник „Ученичен глас", кој во свое време бил доста успешен и по многу нешта единствен.

Неговите ученици со радост раскажуваат и го опишуваат како високо морална личност. Уште тогаш отец Гаврил е забележан со брада и со многу тивок пристап кон секого. „Сè што ни предаваше како професор сакаше сите да го знаеме. Тоа што сакаше да го слушне од нас ни го пишуваше посебно на лист хартија и секому посебно му го даваше, само да го разбереме и запаметиме. Во пролетните денови ние учениците се договаравме да одржуваме час во природа. Настојувавме постојано да одиме. Тој никогаш не нè одбиваше. Секогаш настојуваше да бидеме надвор, да не седиме само во училницата, бидејќи надвор имаше што да се види, нацрта и научи".

Покрај работата во училиштето, како професор, епископот Гаврил, заедно со неговиот татко Методиј (подоцна монах Кирил) работел и како скулптор. Нивните прекрасни експонати се наоѓаат низ парковите во Штип и околината, но и на други места. Допринел за подобро естетско обликување на својот роден град, за што има добивано и признанија од тогашниот претседател на општината, како и многу други.

Сочувани се неколку спомен обележја направени од рацете на отец Гаврил. За жал, заради нивно неодржување, многу негови дела исчезнаа, како на пример „Момчето со флејтата", "Човекот што мисли" (овој споменик се наоѓаше во непосредна близина каде што се гради првиот храм посветен на Светиот епископ Велички Гаврил) но останаа само сликите и спомените на старите штипјани за нив. Се додека бил жив неговиот татко Методиј, скулптурите биле одржувани. Познатиот штипски уметник, Тодор Максимов за делата на Мијалче Парнациев ќе рече дека тие се вистински ремек дела. Истиот тој Тодор, подоцна често го посетувал и во Лесновскиот манастир. Но, тогаш отец Гаврил повеќе не покажувал интерес за вајарството и се предал на монашки живот. Откако целосно се посветил на Бога преку подвигот на монаштвото, кој значи апсолутно покајание (преумување) и смирение, о. Гаврил, многу ретко разговарал за уметноста, иако бил академски сликар и вајар и имал големо познавање на таа тема. Не работел ништо и целосно откажувајќи се од себе, се откажал и од уметноста. Тој внатрешен порив за уметност, што за еден уметник е незамисливо и премногу тешко и болно, о. Гаврил успевал да го држи под контрола. Со тоа покажува колку многу го сакал Бога и колку силен бил карактерот што го поседувал.

> „ДЕЦА, ИЗЕДЕТЕ ГИ ЈАЈЦАТА, ЗГМЕЧЕТЕ ЈА ЛУШПАТА И РАСФРЛЕТЕ ЈА ПО ГРАДОТ ЗА ДА ВИДАТ СИТЕ ДЕКА ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!"

Како докажан и проверен педагог бил предложен и за професор на Педагошката Академија во Штип, но кога таа отпочнала со работа, тој во 1960 година се преселил да живее во Скопје. И таму се покажал како доста успешен самостоен уметник.

За време на траењето на студиите и педагошката активност, двапати престојувал во странство. Најпрво како студент во втора година бил на научен престој во Париз, а потоа (1959), со група просветни работници бил на светската уметничка изложба во Брисел.

Мијалче или подоцна о. Гаврил, од секогаш бил мирен и повлечен, но истовремено и напреден и современ. Иако по ништо не заостанувал зад своите врсници, па дури и во многу работи бил чекор напред, во Штип го имал првото популарно Фиќо, неговиот живот во сè бил монашки и пред да сè замонаши. Додека бил во светот, имал навика секојдневно да присуствува на богослужбите во соборната црква Свети Никола во Штип. Неговиот живот во сè бил монашки и пред да се замонаши. Во својот дом постојано пребивал во својата соба читајќи, молејќи се и живеејќи за Бог. А кога во неговиот дом доаѓале гости, тој културно и од учтивост се поздравувал со нив и повторно се повлекувал во својата соба. Девственоста ја сметал за голема светиња. Во тоа време, иако било време на најстрог комунизам и атеизам, со програмиран прогон на Црквата, тој не се откажал од Бога. Дури и своите ученици ги поучувал во верата. За Велигден редовно им делел по едно црвено велигденско јајце и им велел: Деца, изедете ги јајцата, згмечете ја лушпата и расфрлете ја по градот за да видат сите дека Христос Воскресна!

На Света Гора

Во 1963 год. го остава светот и светската служба и заминува со сиот свој живот да му служи единствено на Бога. Заминува на Света Гора Атонска.

Самиот негов подвиг да стигне пеш од Солун на Атон ја изразува неговата ревност и желба целиот свој живот му го предаде Христос. По три дена и три ноќи одење, стигнал на Света Гора. Затоа и директно од игуманијата на Света Гора – Богородица, добил благослов да остане. Се раскажува дека кога стигнал во монашката држава, дошол на брегот на Белото море и сакал да се измие. Тогаш здогледал жена која умилно го гледала. По некое време жената, како што дошла, така и заминала. Размислил и заклучил дека тоа била Богородица, бидејќи пристапот на жени на Света Гора е строго забранет. Тоа го охрабрило во неговиот понатамошен подвиг. Само затоа што бил македонец, за време на неговиот престој на Света Гора, имал постојани политички проблеми од властите, меѓутоа Бог го чувал преку целото тоа време. Грците, за кои се знае дека се непостојани, му ветиле дека кога сака може да отиде во Света Гора, без никакво ограничување. Му рекле дека може да остане во српскиот манастир Хилендар, кој ужива статус на автономна српска територија под крилото на Света Гора. Тој им поверувал и останал таму. Но, подоцна работите се одвивале поинаку.

Се споменуваат две такви случки, кога во две различни прилики сакале да го протераат од Света Гора. Во едниот случај, влегол во една пештера каде еден пајак исплетел толку голема пајажина што гонителите не го виделе, а во другиот случај, пак, го заштитиле змии. Решен за храбар подвиг тој решил да остане во градината на Мајката Божја, па макар и без дозвола од официјалните власти. Целиот случај го оставил и предал во рацете на Бога. Така тој живеел во пустина и се населил во пештера, а многупати живеел и на отворено.

Тие отворено му изразиле сомневање дека бил испратен од епископот Доситеј (подоцна прв Архиепископ на возобновената МПЦ) тука да формира македонски манастир, како што на Света Гора сите православни земји имаат свои манастири. Таму бил примен само како нивни собрат и искрен православен верник. Тој нивни став бил знак и за другите словенски манастири никогаш да не го прифатат официјално во своите братства. На тој начин, епископот Гаврил бил слободен да оди каде и да сака и да биде најсрдечно примен, но само како почестен гостин.

Така, тој ги посетил сите манастири во Света Гора, а најмногу сè задржал во рускиот „Камена". Таму се подвизувал во скитот во една пештера како послушник на 84-годишен руски монах, отец Татјан Иванов, кој подоцна станува негов духовен учител и старец и на кого му бил беспрекорно послушен.

Меѓутоа, старецот бил доста болен и тој морал да го однесе на болница во матичниот манастир „Свети Пантелејмон". Таму во манастирската болница, по околу два месеца, се упокојува во Господа, па скитот го наследил монахот Гаврил. Во почетокот на управувањето со скитот, голема материјална помош, масло за кандилата, темјан и друго, набавувал од рускиот манастир, потоа од српскиот, бугарскиот, како и од грчките метоси „Мо-

ноксилит" и „Свети Николај". Бо сите тие манастири, кога одел на богослужби, го прифатиле како вистински христијанин.

Според примерот на големите подвижници Антониј, Арсениј, Памво, сметал дека зближувањето со Бога најдобро може да се реализира преку оддалечувањето од луѓето и затоа несакал да се зближува со никој посебно. Во целото време додека о. Гаврил престојувал во Света Гора избегнувал контакт со луѓе.

На Литургија и причест најчесто одел во манастирите Хиландар и Свети Павле, каде заради неговиот исклучителен тивок карактер го добил и називот "Невидливиот". Ниту го гледале кога доаѓа, ниту кога заминува, единствено можеле да го видат кога пристапувал да се причести со светите и спасоносни животворни тајни Христови.

Грчкиот манастир „Свети апостол Павле" му дал и писмена гаранција, додека Министерството на Грција почитувало други закони, а не законот на меѓучовечката љубов. Во истиот манастир бил замонашен, со монашко име Гаврил, по големиот небесен војсководец и архистраг Гаврил.

По едно негово енергично барање да му се даде документот „елинопистос" – грчко државјанство, услов за останување засекогаш на Света Гора, или да се врати во Македонија, тие, уверени дека не е нивни пријател, дефинитивно одбиле да го прифатат барањето и тој се враќа во својата родна земја.

Неговите подвизи на Света Гора никој не ги знае, останаа тајна за луѓето пред Бога, но од неговиот живот откако во 1971 год. се врати во Македонија, можеме да ги претпоставиме.

Во родната Македонија

Кога во 1971 година се вратил од Света Гора, барајќи мир за да може постојано да Му се моли на Бог, променил неколку манастири: Пресвета Богородица – Матка, Пресвета Богородица – Побожје, Свети Димитриј – Марков Манастир, Свето Преображение – Зрзе, за во 1975 година трајно да се насели во манастирот Свети Гаврил Лесновски во Лесново – Брегалничка епархија, тогашна Злетовско-струмичка. Таму често знаел и со денови да се повлече од манастирот и да се насели во двете ближни пештери, каде што се подвизувал и неговиот истоименик свети Гаврил Лесновски.

Во манастирот на Матка, во неговиот испоснички подвиг му се придружил и неговиот татко, кој при монашкиот потстриг го добил името Кирил. Така, родителот станал ученик на својот роден син, а пак, синот, како искусен духовен отец, смирено го раководел својот татко. И неговиот татко бил ревносен монах и силен молитвеник. Еднаш отец Кирил се молел во храмот за луѓето кои прелажени од ѓаволот, доаѓале преку ден испратени од бајачи и гледачи. Отец Кирил со солзи во очите се молел за нив, за Бог да им го прости гревот: „Господи, прости им на сите што денес згрешија. Од простота и незнаење одат таму и ги лажат. Не знаат, Господи, прости им!". Тој се помолил за сите, и толку ѝ била угодна молитвата на Пресветата Владичица наша,

упатена од овој праведник, што одеднаш од Нејзиниот пречист образ излегла голема светлина и заблескал целиот манастир. Од иконата на Мајката Божја како да излегувал пламен. Отец Кирил паднал на колена и почнал да плаче како мало дете и да сѐ радува. Таа светлина засветлила трипати.

Додека биле во манастирот на Матка, им се случило следното искушение. Рано наутро, околу два часот по полноќ, по светогорскиот обичај, отец Гаврил и отец Кирил служеле Божја служба во храмот. По молитвениот труд кога излегле од храмот, дошла полиција со цел да ги протера од манастирот. Полицајците настојувале Отците да го напуштат манастирот: „Излегувајте од манастирот, бргу соберете си ги работите и да ве нема". Отец Гаврил стоел со бројаницата, молчел и со наведната глава се молел. Едниот полицаец го подбутнал отец Кирил, тој паднал на земјата и просолзил. Отец Гаврил само молчел и сеуште се молел. Тој ден си заминале со закана дека ќе дојдат другиот ден повторно.

Меѓутоа, ноќта наврнало толку многу снег, што целиот град Скопје бил блокиран и никој не можел да оди на работа, ниту децата на училиште. Сите помагале чистејќи го снегот од улиците. Тогаш отец Кирил му рекол на отец Гаврил: „Гавриле, гледаш ли дека мојата солза не падна напразно. Ајде сега нека дојдат да нѐ прогонат". Отец Гаврил повторно ништо не рекол. А сето тоа се случило како одмазда на некои големи функционери, бидејќи им забранил да прават што сакаат.

Еден од најголемите подвижници

За отец Гаврил слободно можеме да речеме дека е еден од најголемите подвижници на денешнината. Никогаш не му давал одмор на своето тело. Имено, тој речиси никогаш не спиел, а и кога спиел, секогаш лежел на земја или на тврда рогозина. Имал само едно рачно извезено ќебе со крстови. Кога се вратил од Света Гора, бил многу слаб и со старата излитена мантија. Воопшто не обрнувал внимание на својата надворешност. Не се капел, а и алиштата речиси не ги перел, освен кога ќе заврнело дожд, па тогаш дождовницата ја користел за перење. Но и покрај тоа, никогаш не испуштал непријатна мирис, туку напротив, од него се ширело благоухание на темјан и босилок, а на луѓето им било мило да стојат покрај Отец Гаврил.
Кога ќе фател некоја болва, не ја убивал. Ја пуштал повторно во природата велејќи: „Сѐ што дише нека Го фали Господа“, и покрај тоа што целото негово тело било изрането од убодите. За да биде неговиот подвиг уште поголем, а и како што самиот кажувал, за „постојано да се потсетува на Господ и да Му благодари“, на панталоните и на монашкиот појас, кој постојано го носел, а и одоздола на чевлите шиел ситни камчиња. Дури по неговото упокојување се дознало за овој негов подвиг. Држел најстрог пост. Скоро ништо не јадел освен суварки, маслинки и чај. Една просфора му била доволна за цела недела. Никогаш не јадел масло, освен во саботните и неделните денови и за големите празници, за да не се прекрши правилото на постот, го топел и облизувал својот прст во маслото од кандилото. Го држел и целиот велигденски пост без јадење и пиење.
Советувал дека ако некој сака да го држи целиот велигденски пост без јадење и пиење, да го намали секојдневното движење и покрај себе да си чува корка леб и вода во случај да му се слоши. “И никако 40 дена, само 39. Ние не сме достојни да бидеме како нашиот Господ Исус Христос, кој постел 40 дена.” Кажувај го то за случајно да не сѐ возгордеш, па да си ја загубиш душата.
Не користел ни греење ниту пак сијалица. Дури после неговото упокоение луѓето дознале дека во црквата имало струја. Кога било премногу ладно тој лично на сите им ги покривал нозете со черги колку толку да се загреат, сите, освен неговите.
За неговата прва посета на манастирот Лесново за време на Богојавленскиот период, раскажува сегашниот Струмички Владика г. Наум. Кога дошол, веднаш го поставил на певницата да чита: “Читај” – му рекол, без да го праша дали знае Црковно-словенски. Преку смиреното послушание Господ прави чуда и тој почнал да чита течно Црковно-словенски. Владиката Наум, присетувајќи се на тие денови вели: “Толку беше ладно што кога застанував на певницата предходно морав да си ги истријам прстите, ја местев свеќата помеѓу нив, затоа што со тек на времето тие брзо смрзнуваат и не можеш да ги мрдаш, туку само со целата шака ги вртиш страниците од книгата. По службата, така здрвен се упатував кон загреаното ќумбе во конакот, обидувајќи се да се “одмрзнам”.

Тихувател и другар на ангелите

И покрај многу строгиот пост и иако бил многу слаб, поседувал голема виталност и енергија. Бидејќи не сакал да се вози во автомобили, па затоа најчесто одел пеш. Одел многу брзо. Одел пеш од манастирот до Пробиштип, Злетово, па и до Штип, кој е оддалечен од Лесново околу четириесетина километри. Се зборува дека ангели му помагале полесно да ги совладува овие далечини. Во еден случај, еден свештеник од Струмица го пресретнал долу во Злетово и му понудил да влезе во колата за да не се мачи да се качува пеш.
Отец Гаврил секако одбил и отишол пеш преку гората. Свештеникот бил вчудоневиден кога пристигнал во манастирот, затоа што отец Гаврил веќе стоел пред портите пречекувајќи го.

Најредовно ги служел сите богослужби во манастирот. Целиот псалтир па и поголемиот дел од тропарите и празничните стихови ги знаел напамет, непрестајно трудејќи се во подвигот на умно-срдечната молитва. Тишината и самотијата биле негови постојани сотрудници, затоа и често ги користел двете ближни пештери. А има и една чудесна случка од Света Гора. Близу до пештерата каде што се подвизувал имало една полјана. Еден ден, на полјаната си играле коњи, кои биле гласни и му пречеле во молитвата. Не издржал, излегол и ги изгонил. Кога се вратил, во ќелијата здогледал змија. Си рекол: „Така ти е, Гавриле. Ти пречеа коњите, сега Господ ти испрати змија. Не ја гони, остави ја, ќе живееш со неа“.
Дури и кога претстојувал во манастирот, од неговата уста не можело да се чуе никакво празнословие, туку само поуки за патот кон спасението. Кога ќе наиделе поголем број на луѓе, тој тивко и незабележително ги напуштал, оддалечувајќи се од човечкиот метеж и празните разговори.

Прозорлив и чудотворец

Од Бог добил дар на прозорливост и чудотворство. На многумина што доаѓале во манастирот, а првпат ги гледал, им ги знаел имињата, па дури и потеклото, како што бил случајот со една посетителка која имала царско потекло, а сакала да остане анонимна. Отец Гаврил преку дарот на прозорливоста го воочил тоа и ѝ направил чест како на кнегиња.
Потоа, едно момче раскажувало дека во својата младост се соочувал со прашања кои никако не можел да си ги одговори, па дошол кај отец Гаврил за духовен совет. Отецот, свртен со грб, не го ни погледнал, му ги кажал и прашањата и одговорите. Момчето било толку вчудовидено што дури и по неколку пати ги проверувал прашањата, кои лично самиот ги имал напишано на хартија. Има многубројни сведоштва за светоста на неговиот живот и неговата жед за Бог.
Епископот Гаврил се удостоил уште за време на овој живот да биде носител на благодатта на Светиот Дух и сведок на Божјата љубов. Покрај многуте дарови што ги поседувал, Себлагиот Бог му го дал и дарот на чудо-

творство и исцелителноста на молитвата.

Имал голема вера и љубов кон Бога, така да за што и да го помолел Бога, веднаш го добивал. Има многубројни примери за чудотворноста на неговата молитва. Подолу ќе спомнеме некои од нив.

Внукот на едно негово духовно чедо бил многу болен и пред тешка операција, за која докторите не можеле да гарантираат дека ќе остане жив. Во тие тешки моменти на тага, духовното чедо заборавило на својот духовен отец, а на денот пред операцијата, во крајно бунило, добила просветлувачка помисла да пајде кај дедо Гаврил (како што многумина го нарекуваа), веднаш тргнувајќи. Пред портите ја дочекал отец Гаврил со зборовите: Оди си дома, твојот внук е здрав. И кога се вратила дома, и

кажале за чудесното излекување, на што најмногу се чуделе докторите.

Едно дете, по име Ѓорѓи, од некое струмичко село, не можело да зборува и неговите родители честопати го носеле кај отец Гаврил, за да се моли за него. Еднаш, за време на вечерната служба, тој го однел детето во храмот и му прочитал молитви. Наредниот ден отец Гаврил служел Света Литургија, притоа цело време се молел за детето. Откако тоа се причестило и по завршувањето на Литургијата, детето ги подигнало рацете нагоре и рекло: „Мамо!" Сите присутни во храмот се израдувале и биле зачудени. Му оддале слава на Бога, Кој прави чуда преку своите служители.

Преподобниот бил многу милостив и човекољубив со ближните. Еднаш, дошло некое семејство со трчање и во паника, бидејќи некоја кола го удрила нивниот син. Тогаш отец Гаврил влегол во храмот, веднаш започнал да се моли и доста време останал внатре. Кога излегол им рекол: „Одете, детето ќе биде дома здраво и живо. Ама тоа е, сте работеле во недела. Внимавајте на неделата и богослужбата. Работевте ли денеска?" Тогаш тие одговориле: „Работевме, работевме..." „Епа друг пат нема да работите во недела" – им одговорил отецот.

Долго време немало дожд во Лесново и селаните дошле да го молат отец Гаврил да се помоли на Бога да им испрати дожд. „Дојдете, ајде сите да се молиме на Бога..." и среде молитва, за чудо и радост на сите започнало да врне. Селаните започнале да му благодарат за молитвите, а отец Гаврил им се обратил скромно со зборовите: „Никогаш не ги препишувајте чудата на себе... Тоа не сум јас... Манастирот е чудотворен и свет, а и тие што доаѓаат добиваат исцеление!"

Постојат и други вакви случаи, поврзани со овој Богоугодник. Како и примерите на сведоштва за негови молитви за бездетни родители, на кој подоцна Бог им давал рожба. Познати се случаи и на нагови предвидувања, кои подоцна се оствариле.

Недоразбирања со атеистите

Бидејќи живеел во време на атеизам, често бил изложуван на искушенија и омаловажувања од световните луѓе кои не ја почитувале светоста на Православната вера и манастирите. Така, еднаш една просветна работничка сакала да организира световен концерт во манастирот, на што отец Гаврил не се согласувал. Покрај неговите најучтиви молби, таа останувала упорна во својата намера. Тој се повлекол и отишол на молитва. Само што ја наместиле бината и почнала приредбата, наеднаш се појавил облак и се излеал обилен дожд, та сите се разбегале.

Во друга прилика, во неговиот манастир дошла група војници. Тогаш тој се заклучил во својата ќелија и цела недела додека тие биле таму не излегол, пребивајќи во тишината на непрестајната умно-срдечна Исусова молитва. Тие се чуделе каде е „стариот" и што се случува со него, а цела недела не излегол од ќелијата. Дури и му тропале на вратата за да проверат дали е жив. И уште многу други слични примери во кои достоинствено се борел за верата, и покрај честите полемики со нив за верата и побожниот живот.

Обновата на Лесновскиот манастир

Манастирот во Лесново во текот на времето станал кошница за сиот боготрагателски народ на тоа време. Притекнувале луѓе од сите краишта на државата, па и од странство, од најразличен профил, професија и возраст. Отец Гаврил станува возљубен духовен отец на многумина кои го бараат Бога. Сите ги поучувал во кротост, љубов, долготрпеливост, саможртвеност, ревност за Бога, вера, молитва...

Отец Гаврил бил и вреден градежник. Ја подигнал црквата Успение на Пресвета Богородица во Пробиштип,

која е и прва и единствена црква во градот. Се зафатил и со обновување на разрушениот стар конак во манастирот. Најголема желба му била да ги види реновирани конаците, раскажувајќи и видно радувајќи сè. Целосно

бил посветен на работата за обнова на конаците.
Бидејки било атеистичко време, некои знаеле и да го потценуваат и да се подбиваат со Отецот, па му ги завлекувале работите. Заради тоа често морал лично да оди во Малешевијата и да преговара, а и таму да преноќува. Во еден таков случај, било зиме и многу ладно. Дошол во фабриката, а таму немало никој. Имало фудбалски натпревар и сите биле во просторијата каде бил телевизорот. Бидејки тоа не го интересирало, морал да ги почека во работилницата. Било доста студено и одеднаш само се запалило ќумбето, дури и толку силно што кога се вратиле работниците го пофалиле дека се сетил да го запали за да им биде топло, а тој знаел дека огинот не е од него, туку Господ му го дал како утеха.
Сеуште кај народот се раскажува случајот кога побарал од една фирма да ги направи кепенците на манастирот. Во фирмата му одговориле дека имаат проблеми преку глава заради сушната сезона и дека не им е до кепенците. Тој им рекол ако стават капенци, ќе заврне силен дожд. Така и се случило. Само што ги поставиле кепенците, заврнал обилен дожд.
Кога почнал со работа околу манастирот немал пари. Но Господ самиот си ги навраќал луѓето да донираат и помагат, па дури и чуда правел за да му помогне. Се зборува дека, иако постојано трошел пари за материјали, неговото конто во банката не се намалувало, напротив, се зголемувале парите. На кој начин, само Господ знае.

Почитуван духовник и свет отец

Имал голема љубов кон верниот народ. Често ги собирал луѓето за големите празници и држел сеноќни бденија. Еднаш на едно такво бдение куполата на манастирот почнала многу да се тресе. Сите се исплашиле и мислеле дека има невреме надвор. Тој знаел што е, само ги прегрнал , храбрејќи ги да не се плашат, искушение е и ќе помине.
Бил строг кон себе, а благ кон другите. Сите ги поучувал во кротост, љубов, долготрпеливост, саможртвеност, ревност за Бога, вера, молитва. Ги поучувал какви треба да бидат како христијани во оштеството и достоинствено да го проповедаат Христос, преку своето однесување, облекување, говор и дела. Младите ги поттикнувал да учат и да завршат што поголеми школи. Фамилијарните луѓе ги поучувал да го одгледуваат семството во православен дух и така да ги воспитуваат своите деца. Старите што повеќе да одат на Црква и со себе да ги носат и внуците. Се правел според зборовите на св. ап. Павле: „ На секого и бев се, само за да го придобијам во Христос”. Имал големо срце и сите ги сакал, а кон себе бил строг, строг во секој поглед.
Вратите на неговиот манастир биле ширум отворени за

секој добронамерен посетител.
Секој посетител кој редовно ги посетувал богослужбите во манастирот, било задолжително да добие и послушание.

За присуствување на богослужбите бил посебно строг. Исто така, и секому му давал можност активно да учествува во нив. Имало и случаи кога сите клучеви и одговорности за манастирот му ги доверувал на некого кого првпат го гледал. Таквата негова отвореност во тие лица будело пресврт во нивниот живот, па во нив се разгорувала верата во Бог и човекот.

Отец Гаврил со својот богоугоден подвижнички живот засвети како светло зрачна ѕвезда во темнината на комунистичката заблуда. Неговиот свет живот допринел многу комунисти да го почитуваат и сакаат, гледајќи во него нешто свето и чисто, нешто што не и од овој свет.
Има многубројни сведоштва за светоста на неговиот живот и неговата жед за Бога.
Го имаат видено и како е целиот во пламен и подкренат од земјата. Еднаш еден човек кој многу добро го познавал ми имаше речено: „Не сум видел човек кој толку го сакаше Бога".
Неговата преподобност била почитувана и надвор од нашата Црква. Пред да дојде на Света Гора, Србите сакале да го нарааваат Владика во СПЦ, имал блиски врски со о. Емилијан Симонопетриски, кој во тоа време бил игумен на Метеорите и сакал да го задржи отец Гаврил како игумен на еден од манастирите, а подоцна го барале да биде и игумен на скитот на св. Харитон Исповедник во Ерусалим.

Неуморен трудбеник и книжевен творец

Покрај сите свои подвизи и одговорности, учи и дипломира на Теолошкиот факултет во Скопје (меѓу првите). Пишува книги и есеи во повеќе црковни весници. Покрај уметничките рецензии, автор е и на збирката поезија „33 Песни за Ерусалим", „Света Гора – Небесна Земја" (1978 год.), „Пред најголемиот јубилеј на човекот" (1980), „2000-годишнина на Христијанството е на прагот" (1981). И двете постхумано објавени дела „Правила и одредби на Православната Црква за постот"(1994) и „Отец Херувим" (1998).
Во својата пастирска и духовничка дејност има зацртано три цели:
- Обнова на Лесновскиот манастир;
- Обнова на монаштвото;
- Свештено прославување на јубилејот 2000 години од Христијанството.

Унапредувања, Ракополагања и последни денови

Во 1981 год. од Синодот на МПЦ бил унапреден во архимандрит на 28-ми август, на празникот на Успение на Пресвета Богородица, а во 1989 год. е хиротонисан и за епископ со титула Велички.

На 28 Август 1989 Архимандрит Гаврил Парнациев бил хиротонисан за викарен Епископ на Архиепископот г. Гаврил со титулата еп. Велички. Наречението се случило на предходниот ден на 27 Август, а самата хиротонија на денот на Успението на Пресвета Богородица, која што тој многу ја почитувал.

Иако лично не сакал, заради смирение и послушание примил хиротонија за Владика во неговиот манастир. Неговите солзи сами течеа, а тоа ги повлече и солзите на сите присутни во Црквата. Благодатта на Светиот Дух го исполнувала целиот храм.

Солзи се лееле од неговите крупни очи. Солзи потикнати од длабоко смирение, дека не е достоен да го носи тој возвишен чин и благодарност за Божјата неизмерна љубов и милост. Меѓутоа тоа беа и еден друг вид на солзи. Тој знаел дека наскоро ќе ги напушти сите оние кои заради него дошле да се радуваат и дека ќе ги остави сираци, но и сакал затоа што веќе поодмана се спремал за Ерусалим, како што тој си го нарекувал Царатсвото Божјо. Тој реално многу го сакал и земниот Ерусалим, но сега не бил во прашање земниот Ерусалим, туку небесниот.

Еднаш, кога едно негово духовно чедо дошло кај него, наоѓајќи го сам во собата и со подготвено ковчеже, кое било скриено под чергата. Кога го пронашла ковчежето го прашала за каде се спрема!? Тој и рекол дека ќе патува за Ерусалим и дека не се враќа.

На денот на самата хиротонија, по Литургијата додека другите се подготвувале да го овековечат овој свет настан со заедничка фотографија, отец Гаврил се задржал во храмот и половина час неможел да ги собере солзите.

На малкуминатa што останале со него, им рекол „Вие ми дојдовте на погребение". По што тие го укориле да не зборува така и дека денес е радосен ден за сите.

„Не, не, вие денес ми дојдовте на погребение", биле зборовите на о. Гаврил.

Посебен дар од Бога е кога ќе си го знаеме денот на нашата смрт. Тоа им се дава само на големите праведници како што бил и св. Гаврил Светогорец еп. Велички. Си ја предвидел својата блиска смрт и самиот си отслужил четириесет заупокоени Литургии. На 40-от ден се упокоил мирно во Господа. Раскажувал дека на тие негови последни Литургии му пееле ангели.

Тој бил многу штедлив човек. Колку што просечен македонец ќе потроши за еден месец, а австралијанец за една недела, тоа о. Гаврил го трошел за една година.

На тој ден луѓето се чуделе кога виделе дека раскрева вреќи со грав и се друго што било потребно за да се направи ручек за неговото погребение, не кажувајќи никому ништо. Само оставил едно ливче на кое пишувало „јадењето направете го без масло". Гробот сам си го приготвил. Тоа била една обична рамна плоча и обичен од камен исклесан крст.

На 12 јануари, со евангелието, кое постојано си го читал, и крстот на гради, а во раката со бројаницата за време на молитва мирно ја предал својата душа во Божјите раце.

Го нашле мртов после некое време, а бил веќе здрвен, требало да му ги трлаат колениците за да му ги исправат нозете и за да го положат во сандак. На неговиот погреб, присуствувале неколку владици и многубројно свештенство. Бил погребан зад олтарниот дел на манастирот покрај својот телесен татко и духовен син, монах Кирил.

Неуморните пастирски трудови ставија печат врз неговото немоќно тело, но не беа залудни. Средбата на многу души, кои талкаа и страдаа по овој свет, со неговите духовни книги беше пресудна. А колку повеќе може да се зборува за личните средби со него! Помеѓу многуте негови духовни чеда постојат и такви, кои тој ги вовел во верата, ги огласил со евангелските вистини и ги подготвил за Свето Крштение. Има и такви, кои ги извлекол од калта на гревот и пороците. Некои од нив ги присоединил кон светата Православна Црква. Други, пак, ги упатил на возвишениот монашки пат.

Се упокол и навистина не ги оставил своите духовни чеда. По неговото заминување во Горниот Ерусалим, на многумина им се јавил во сон, а на едно негово духовно чедо на кое почнал нагло да му слабее видот, му се јавува на сон, го излекол, упатувајќи го кон црквичето Вознесение Христово – Штип.

Во домот на едно негово духовно чедо, од неговата фотографија, кој и ја дал додека бил жив, почнало да тече свето миро.

А и до ден денеска има знаци и чуда на неговиот гроб од каде се чувствува и благопријатна миризба низ воздухот, а селаните кажуваат дека по неговото упокојување во Господа, на неговиот гроб гледале светлина во вид на огнен столб.

Неговиот свет, подвижнички и многустрадален живот, чистотата на верата, како и многубројните чуда, за време на животот, а и по смртта, се сигурен показател дека тој е примен во населбите на светителите. Таму пред престолот Божји се моли за неговите духовни чеда, за верниот народ на нашата Света македонска православна црква како и за сите кои со вера го повикуваат.

Во новите храмови на Р. Македонија речиси насекаде се живописува неговиот свет лик, се сликаат и икони, се запишуваат неговите чуда. Останува уште да се напише официјално житие, служба, акатист, да се одреди ден за негово празнување (најверојатно денот на неговото упокојување, 12 јануари) Откако ќе се извадат неговите свети мошти од гробот во Лесновскиот манастир – ќе се подготват за неговото официјално канонизирање, т.е. признавање на неговата светост, и вбројување во диптихот на светителите.

По неговите свети молитви, Бог да нѐ помилува и спаси. Амин.

По молитвите на нашиот свет отец Гаврил Светогорец, епископ Велички, Господи Исусе Христе, помилуј не! Амин.

Тропар, гл. 8

Имајќи ја светската слава
си го оставил светот.
И на пат кон Света Гора игуменски
благослов од Богомајката си добил.

Со пост, бденија и молива си го запазил
целомудрието, Богобојажлив Гавриле.

Моли го сега Христа, нашиот Бог,
да го умножи монаштвото,
да ја запази Црквата наша
и светот да го спаси.

ЌЕ ОДГОВАРАТЕ ПРЕД БОГА ЗА СВОИТЕ ДЕЦА

СВЕТИ ЛУКА КРИМСКИ

> ...ЗАШТО СЕКОЕ СЛОВЕСНО ПОУЧУВАЊЕ ИЛИ ПЕДАГОШКО УМЕЕЊЕ НЕ Е НИШТО, ТОА Е ПРАЗНО ВО СПОРЕДБА СО ПРИМЕРОТ КОЈ ДЕЦАТА ГО ГЛЕДААТ ВО СВОИТЕ РОДИТЕЛИ...

„Гледајте да не презрете едно од овие мали“ (Мт. 18, 10).

Дали сте размислувале за тоа дека овие Христови зборови се однесуваат директно и непосредно на вас? Зарем вие немате од тие малите кои треба да ги чувате? Зарем има малку развратни ќерки и синови - крадци и мангупи поради кои пролевате горчливи солзи? Зошто е така? Затоа што не сте сè сеќавале на мудрите Христови зборови. Дури кога ќе ви стане тешко поради однесувањето на вашите деца вие плачете и му се молите на Бога да ви помогне. Меѓутоа, вашата молитва останува бесплодна зашто не смејат на Бога да сè префрлуваат родителските обврски и грижи околу воспитувањето на децата. Ако слугата не води грижа за својата работа и ако чека господарот тоа да го направи, зарем господарот ќе работи за него, зарем нема да се прогневи на неработливиот слуга? Што сакате од Бога?

Свети Јован Златоуст строго рекол дека немарните „родители што го занемаруваат христијанското воспитување на своите деца се поголеми безаконици од чедоморците, зашто чедоморците го разделуваат телото од душата, а немарните и душата и телото ги фрлаат во огнениот пекол“. Тежок одговор ќе даде пред Бога секој лекомислен родител.

Во Првата книга од Царствата се зборува за побожниот еврејски првосвештеник Илија кој педесет години бил судија на израелскиот народ. Нему му служел св. пророк Самуил, тогаш уште дете. Еднаш на тоа дете (Самуил) му се јавил Господ и му заповедал да му јави на првосвештеникот Илија и да му каже дека го очекува страшна Божја казна поради негрижата кон своите деца. А нечесните деца на Илија биле свештеници и со своето однесување го навредувале народот, го одвраќале од Бога: кога Евреите принесувале животинско месо како жртва на Бога, слугите на овие свештеници ги одбирале најдобрите парчиња месо од котелот во кој се варело месото заради принесување жртва и им го давале месото на свештениците. Земале дури и сурово месо, а на барањето на луѓето што го донеле месото со цел прво да го спалат салото на жртвеникот одговарале: „Ако не го даваш, ќе го земам насила“ (в. Цар. 2, 12-17; 3, 10-14).

Поради таквата нечесност Господ не ги казнил само овие свештеници туку и самиот Илија. Во времето на суровата борба со Филистимците кои ја нападнале Израелската земја, овој 98-годишен старец седел пред храмот очекувајќи го исходот од битката. Кај него дотрчал вознемирен и прашлив гласник со лоши вести: „Твоите синови се убиени, а Ковчегот Божји е заробен“. Кога го слушнал тоа Илија, паднал ничкум, го скршил 'рбетот и умрел во тешка смрт. Господ рекол дека сиот род на првосвештеникот ќе биде казнет поради тоа што Илија не ги спречувал своите деца да прават тешки гревови (в. 1 Цар. 4, 11, 13-21).

А ова му се заканува и на секој што нема да води грижа за сопствените деца. За оние што со сето срце се стремат кон тоа да ги воспитуваат своите деца во побожност, на секоја утрена ги слушате во сто и третиот псалм следните благослови: „Но милоста Господова останува во век и веков на оние што се плашат од Него и правдата Негова. На синовите на синовите што ги држат Неговите заповеди, да ги извршуваат“ (Пс. 103, 17-18).

Размислете колку тешка одговорност ќе носите пред Бога ако не ги виспитувате деца според христијанските обичаи. Кажете што ќе се случи со вашата несреќна

"

И ВАШИТЕ ДЕЦА ТРЕБА ДА БИДАТ ОБРАЗОВАНИ, ДА СТАНАТ УЧЕНИ. НО НЕ ТРЕБА НИВНАТА ОБУКА И ВОСПИТУВАЊЕ ДА СЕ ОГАНИЧУВААТ САМО НА СВЕТОВНАТА МУДРОСТ НА ОВОЈ СВЕТ. ИСКЛУЧИТЕЛНО Е ВАЖНО ЗАЕДНО СО ТОА ДА ЈА СПОЗНААТ И НАЈВИСОКАТА ПРАВДА И ВИСТИНА ЗА ДА ГО ПРОУЧУВААТ БОЖЈИОТ ЗАКОН И ХРИСТОВИТЕ ЗАПОВЕДИ.

"

ќерка ако во младоста се предаде на разврат, а потоа се омажи и роди деца? Дали врз неа и врз целото нејзино семејство ќе биде Божјиот благослов? Не, од неа ќе потекне непобожен род одбивен на Бога.

Како треба да ги воспитуваме децата? Онака како што ги воспитувале своите деца христијаните во првите векови. Тие од најраното детство ги учеле децата на молитва, на храмот, на пости, на црквените Тајни, ги учеле да читаат и да пишуваат според книгите на Светото писмо. Никогаш не му дозволувале на детето да седне на маса и да почне да јаде без молитва: на децата им зборувале дека секоја работа, секој чекор на христијаните треба да почне со крсниот знак и со молитва.

Иако првите христијани ги учеле своите деца филозофија, музика и уметност, притоа се раководеле со длабокото свето правило: „Сметај го за несреќен оној што знае сè, а не знае за Бога. Блажен è оној што знае за Бога, дури и кога не знае ништо друго“. Немојте да мислите дека на децата им забранувале да ги изучуваат светските науки. Нашите најголеми отци и учители на Црквата и самите во младоста многу усрдно ги изучувале сите светски науки. Светите Василиј Велики, Григориј Богослов, Јован Златоуст биле високообразовани луѓе.

И вашите деца треба да бидат образовани, да станат учени. Но не треба нивната обука и воспитување да се оганичуваат само на световната мудрост на овој свет. Исклучително е важно заедно со тоа да ја спознаат и највисоката правда и вистина за да го проучуваат Божјиот Закон и Христовите заповеди. Притоа да се навикнат и на постојана побожност. Тогаш и само тогаш нема да се изгубат на патот на човечката мудрост, кога спознанието за Бога ќе биде ставено на прво место.

А како да се посади во децата христијанскиот морал? Пред сè со својот живот, зашто секое словесно проучување или педагошко умеење не е ништо, тоа е празно во споредба со примерот што децата го гледаат во своите родители. Кажете ми, ќе израснат ли во добри луѓе децата што во своите родители гледаат најлоши примери на неморал? Ќе биде ли чиста и целомудрена ќерката ако мајка ѝ, самата ѝ даде пример за прељуба? Зарем нема да се научат на крадење децата ако од тој грев не ги одвраќате уште од најмала возраст? Кога вашите синови ги крадат и ги пустошат нивите, кога го берат туѓото, кога не оставаат да созреат плодовите и кога доаѓаат да се жалат поради нив, мајките мирно одговараат: „Нема врска, тие се деца, ништо не знаат“. Господ ќе бара одговор од вас! Страшно ќе бара одговор: „Зошто сте им дозволиле на вашите деца да крадат од најмлада возраст, зошто не ги учевте на заповедите Божји, зошто не им всадувавте одбивност кон крадењето?“ Страшен одговор ќе дадете пред Бога за секоја соблазна што вашите деца ќе ја видат во вас, за сите караници, пцовки, тепања, што сè случуваат пред нивните очи. Ако самите така постапувате, на истото ќе се научат и вашите деца.

Свети Јован Златоуст, вселенскиот учител и најголемиот црковен оратор за недостојните родители рекол: „Зашто вие како намерно да се трудите да ги упропастите децата, им наредувате да го прават само она со чие правење нема да можат да се спасат. Кажано е: тешко на оние што се смеат - вие на децата им давате многу поводи за смеа; тешко на богатите ако вие само се трудите тие да се обогатат; тешко вам кога ќе почнат сите луѓе да зборуваат добро за вас (види: Лк. 6, 24-26), а вие често го губите својот имот поради човечката слава. И пак: „Оној што ќе го нарече својот брат будала, виновен е за во пеколот“ (види: Мт. 5, 22) додека ги сметате за слаби и кукавици оние што со молчење ги поднесуваат навредливите зборови од другите.

Христос заповедува да се одвраќаме од караници и расправии, а вие постојано ги занимавате своите деца со овие лоши дела. Кој го сака живот свој (на руски: душа), рекол Господ - ќе го изгуби (Јн. 12, 25), а вие на секој начин ги вовлекувате децата во таа љубов.

Ако ли пак, вие не простувате, и вашиот Отец, Кој е на небесата, нема да ви ги прости грешките ваши (Мк. 11, 26), а вие дури и ги прекорувате децата кога не сакаат да им се одмаздат на оние што ги навредиле. Христос рекол дека оние што ја сакаат славата, без оглед дали постат, дали се молат и даваат милостина, сето тоа го прават бескорисно; а вие само се трудите вашите деца да добијат слава.

И не е лошо само тоа што ги советувате децата спротивно на заповедите Христови. Туку лошо е и тоа што хулите на доброто, што скромноста ја нарекувате необразованост, кроткоста - плашливост, праведноста - слабост, смирението- сервилност, незлобливоста - слабост. Ги наговарате децата на дела за кои Христос одредил неизбежна погибел. Не водите грижа за нивната душа, како тоа да е нешто непотребно, а за она што е навистина излишно се грижите како за нешто неопходно и многу важно.

Сè правите за вашиот син да има слуга, коњ и најдобра облека, а не сакате ниту да помислите дека треба самиот тој да биде добар. Во грижата за дрва и камења во толкава мера, ниту со најмал дел од таа грижа не ја удостојувате душата. Сè правите за да стои на куќата прекрасна статуа и покривот да биде златен, а не сакате ниту да помислите на другата скапоцена статуа - на душата - таа да биде

златна“.

Овие праведни зборови на св. Јован Златоуст кои се изговорени пред илјада и половина години, можат и сега да се повторат. Зарем вие не ги воспитувате своите деца исто толку лошо ако притоа не им влевате страв Божји? Зарем не ги вложувате сите грижи во тоа да им дадете на децата што подобра позиција во животот, да ги ставите во редовите на оние што се на власт, што се богати и силни? Зарем не им говорите на децата дека силата е во парите, дека треба да стекнат големи знаења заради имотен, слободен живот? Потребно е сето тоа?! Не, туку сосема спротивното.

Со воспитувањето на децата треба да се започне од пелени, зашто децата од мали нозе лесно го усвојуваат секое учење. Нивната душа е мека како восок, во неа се врежува сè што ќе посакате. Вашиот лош пример, и побожните зборови, и сè најсветло и најчисто. Ги заборавате едноставните зборови на св. Тихон за детската душа: „Малото дрвце, во кој правец ќе се свитка, натаму ќе расне. Новиот сад ќе мириса на она со што ќе го наполните, налевајќи во него смрдлива течност или мирилива и чиста“. Значи, ако во душата на малото дете ја налеете секоја смрдеа, таа секогаш ќе биде смрдлива. А ако во неа го налевате мирисот на Христовиот миромирис, вашите деца секогаш ќе бидат миромиризливи пред луѓето и ќе ви бидат утеха и радост.

Денес често се вели: „Зарем се способни децата да читаат Свето писмо и псалми? Тоа е за монасите и за старците, а на децата им се потребни веселба и радост“. Со добриот пример ги воспитувате децата. На славниот руски проповедник, Харковски архиепископ Амвросиј му припаѓаат зборовите што ја трогнуваат душата: „Кога ниту еден член од семејството не може да остане без вечерна и утринска молитва, кога таткото не излегува од дома за на работа без да се помоли пред светите икони, а мајката ништо не почнува без да се прекрсти, кога на малото дете не му дозволуваат да ја допре храната пред да се прекрсти, зарем на тој начин не се учат децата во сè да молат за Божјата помош и да веруваат дека без Божјата помош нема сигурен живот, а без Неговиот благослов нема утеха во човечките дела?“.

Не може да остане бесплодна за децата верата на родителите кога тие во случај на неопходност и сиромаштво со солзи во очите велат: „Што да се прави? Нека е волја Божја“; во опасност: „Господ е милостив“; во тешки околности: „Бог ќе помогне“, во успех и радост: „Фала на Бог, од Бога е“. Овде секогаш и во сè се исповеда Божјата благост и Божјото правосудие.

Мајката, кон која се насочени сета љубов и нежност на детето со свештен страв стои пред иконата на Спасителот и се моли, а детето гледа ту во неа, ту во иконата и нему не му се потребни други објаснувања што значи тоа. Тоа е првата нема лекција на богопознание и најважната лекција за побожност. Такви лекции можете и треба секогаш и за сè да им давате на своите деца.

Треба да ги чувате децата од сè што е лошо, да не им дозволувате на ќерките да читаат развратни, страстни романи, да барате од нив да читаат со разбирање, да не им дозволувате да се забавуваат и постојано да трчаат во кино и во театар.

А уште не треба да го заборавите ниту тоа дека детето не може да се воспитува ако никогаш не се казнува. Најголема грешка прават оние родители кои ги обожуваат своите мали деца, им се восхитуваат и се им простуваат кога ќе згрешат. За таквите во Светото писмо се вели: „ Разгали го твоето дете, тоа ќе те вчудовиди“ (Сир. 30, 9). Рускиот светител Тихон Задонски ги поучува родителите: „Младите, ненаучени, кога ќе созреат, стануваат како незауздани и нескротливи коњи. Затоа, христијанину, сакај ги своите деца и казнувај ги. Сега, додека се млади, нека ја почувствуваат болката во телото, за подоцна да не те боли срцето поради нив. Нека плачат од тебе за да не плачеш ти од нив. Впрочем, умереноста е пофална и потребна во се“. Децата не смеат да се казнуваат со лутина, со злоба и со омраза. Треба да се советуваат мирно и со љубов. Само тогаш децата, чувствувајќи ја таа љубов, ќе сфатат дека заслужуваат казна и таа ќе им биде од корист и ќе ги поправи.

Гледате ли колку огромни задачи стојат пред нас во делото за воспитување на децата!? Гледате ли колку се свети обврските на мајката!? Нема поголема обврска, нема поголема одговорност пред Бога за мајката, од доброто воспитување на децата. Ако го занемарите воспитувањето на своите деца, ќе се мачите и ќе плачете гледајќи ги. Пред Бога ќе дадете одговор и врз целото потомство ќе го навлечете гневот Божји. Значи, секогаш грижете се за своите деца, секогаш давајте им чист, свет пример на побожност и тогаш благословот Господов ќе биде во век и во векови врз вашите деца и врз вас самите. Амин.

ВЕЛИГДЕНСКО ЈАЈЦЕ

СИЛВАНА ЃОРЃИЕВ

Една ноќ Анастасија остана да спие кај баба ѝ, но иако многу цврсто спиеше, некакво тропање во кујната ја будеше. После неколку обиди да презаспие, стана да види што се случува во кујната.
Кога се приближи, ја виде баба ѝ како готви нешто.
Така со сонлив глас праша:
- Бабо, што готвиш? Темно е.
Баба ѝ, изненадена дека станала рано ѝ кажа:
- Велигден се ближи мило, па вапцам црвени јајца. -И ја крена во рацете.
-Па на Велигден ноќта, ќе одиме на црква и откако ќе се причестиме ќе кршиме црвени јајца - разиграно ѝкажа.
Анастасија ги загледа јајцата и ја праша:
- А зошто црвени јајца бабо? Зошто не шарени или со лепенки?
Баба ѝ, ја загледа внимателно и откако седнаа ѝ кажа една приказна.



Христијанската традиција за црвеното јајце е поврзана мило мое со едно предание.
Марија Магдалена, била млада девојка која Исус ја исцелил од седум зли духови во неа. Откако била исцелена таа водела богоугоден живот и секогаш била околу Исус Христос и ако можела, помагала. Марија Магдалена била прва која го видела Исус жив, откако Воскреснал од мртвите. Откако го видела, таа отишла на светот да му ја објави добрата вест. Кога стигнала до Рим, како и сите други посетители прво отишла во палатата на императорот Тиберијс.
Според традицијата, секој посетител во палатата требало да носи поклон за императорот.
Богатите луѓе носеле скапи подароци, додека сиромашните носеле она што можеле да си дозволат.

Марија Магдалена со исполнето срце однесла јајце во палатата на Императот и му го принесла со следниот поздрав: „Христос воскресна”
Императорот не можел да поверува во зборовите и ѝ одговорил:



- Како може да воскресне? Невозможно е, како ова јајце да стане црвено!
И додека Тиберијс говорел, јајцето во раката на Марија Магдалена почнало да ја менува бојата, додека конечно станало жарко црвено.
Велигденскиот поздрав оттогаш останал - „Христос Воскресна” и сите христијани во светот ги бојадисуваат јајцата во црвена боја точно заради големиот ден – за да ја прослават вербата во повторното раѓање.

- Но, јас мила моја ги фарбам црвени како крв, како потсетник дека со крв сме платени, а кога ќе се скрши јајцето внатре е убаво и бело. И најубавото е тоа што и твоето име Анастасија значи Воскресение. Ќе ја запамтиш ли оваа приказна мила моја? - додаде бабата.

Анастасија целата исполнета со радост бидејќи нејзиното имало толку големо значење скокна од столот, и зеде едно јајце и рече:

- Бабо ке ја запамтам таа приказна и исто како Марија Магдалена на сите ќе им кажувам дека Христос Воскресна со ова црвено јајце!!!



СООПШТЕНИЕ

ОД ЕПАРХИСКО СОБРАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА

На 11.01.2017 година, во просториите на „Шелдон ресепшн“ во Мелбурн, Австралија, се одржа редовно Генерално собрание на Австралиско-сиднејската епархија, под раководство на претседателот на истото, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј, а на кое беа разгледани повеќе прашања од животот на Епархијата. Во продолжение ви го пренесуваме во целост соопштението од Генералното собрание.

СООПШТЕНИЕ

Од редовното Епархиско собрание на Австралиско-сиднејската епархија одржано на 11.01.2017 година во просториите на „Шелдон Ресепшн" во Мелбурн.

На собранието присуствуваа делегати од 11 цркви, кои се под надлежност на Митрополитот Тимотеј, и тоа:

- **„Пресв. Богородица" Мелбурн**
- **„Св. Ѓорѓи и Прес. Богородица" Епинг, Мелбурн**
- **„Св. Јован Крстител" Џилонг**
- **„Св. Никола" Кабрамата**
- **„Св. Димитриј", Волонгонг**
- **„Св. Петка", Рокдејл**
- **„Св. Илија", Квинбијан**
- **„Св. Климент", Канбера**
- **„Св. Никола", Перт**
- **„Св. Наум Охридски", Аделаид и**
- **„Св. Недела", Голд Кост.**

Собранието работеше по предложениот дневен ред, според кој, најпрво се усвои Извештајот за двегодишното работење (2015-2016) на Митрополитот Тимотеј во Австралиско-сиднејската епархија. Потоа беше разгледан и усвоен финансовиот извештај на благајникот на Епархијата, а се пристапи и кон усогласување на ставовите на Синодот на МПЦ-ОА и Епархиското собрание за Статутот на Австралиско-сиднејската епархија, со што се овозможува регистрирање на Епархијата во Австралија. Истите беа усогласени без некои посебни дискусии и забелешки.

Епархиското собрание ги реизбра членовите на Епархискиот управен одбор со мандат за уште две години, а, исто така, избра и делегати за Архиепископски црковно-народен собор. Делегатите на собранието искажаа искрено добредојде на црквата „Св. Петка" од Рокдејл, како црква и управа, кои најмногу претрпеле одделни непријатности во изминатиот период. Искажаа искрена благодарност и за храброто решение на црквата „Св. Ѓорѓи и Прес. Богородица" од Епинг, за целосно вклучување во редовите на МПЦ-ОА, со назначувањето на легитимен свештеник, во лицето на свештеникот Климент Станковски.

Делегатите избраа и Просветен одбор, кој ќе се грижи околу просветната и издавачката дејност на Епархијата, а за доброто на Македонците во Австралија. Делегатите дадоа поддршка на Младинската организација и зедоа обврска на секој начин истата да ја поткрепуваат, како во идеи, така и материјално. Се даде предлог да се испита и можноста за организирање на свеќоливница, во организација на Епархискиот управен одбор, која би била главен добавувач на свеќи за црквите и манастирите во Австралија. Делегатите посветија сериозно внимание и на состојбата во црквата „Св. Недела" во Голд Кост, која се сретнува со економски проблеми, бидејќи и самата има малку членови. Тука се покажа солидарноста на повеќе цркви, кои одлучија финансиски да ја поткрепат оваа црква.

Делегатите на Епархиското собрание искажуваат искрена и топла благодарност и на г-ѓа Лидија Нешковска и на „Шелдон Ресепшн", која ја отстапи прекрасната сала, а обезбеди и појадок и ручек за делегатите на собранието. На крај, делегатите искажаа и голема благодарност на црквата „Пресвета Богородица" - Сиденхам, Мелбурн, кои како домаќини на собранието, се погрижија сè да помине во најдобар ред.

Претседател на Собранието:
МИТРОПОЛИТ ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКИ И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКИ г. ТИМОТЕЈ

ЛЕТОПИС ОД АВСТРАЛИСКО – СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА

АНАНИЈА АНАНИЕВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МОУА

РЕПОРТАЖА ЗА КАНОНСКАТА ПОСЕТА НА НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНСТВО, МИТРОПОЛИТОТ ДЕБАРСКО – КИЧЕВСКИ И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКО – СИДНЕЈСКИ Г. ТИМОТЕЈ

Во периодот од 03 до 29 јануари во редовна канонска посета/визитација на Австралија, во Австралиско – сиднејската православна епархија, дојде нашиот надлежен архиереј, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј. Во придружба со протојерејот Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски благоволи да посети и богослужи во многу храмови низ епархијата, кои однапред беа предвидени во програмата.

Митрополитот заедно со црковната делегацијата од Р. Македонија пристигна во далечна Австралија во доцните вечерни часови на аеродромот Туламарин, каде што беше пречекан од неговите духовни чеда, кои дојдоа во голем број да му посакаат топло добредојде и убав престој во Австралија.

Следејќи ја претходно утврдената програма, веќе утредента црковната делегација ја започна својата канонска визитација во посета на храмот „Свети Наум Охридски“ во Аделаид – Јужна Австралија, каде токму на празникот свети Наум Охридскиот чудотворец, чие име храмот го носи, беше отслужена Света божествена архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, протојерејот Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски.

Пред започнувањето на Литургијата беше извршен чинот на преосветување на храмот, а по нејзиното завршување беше разделен празничниот колач и Митрополитот г. Тимотеј се обрати со пригодна беседа и лично слово кон верниот македонски народ во црковната општина. Со искрена порака да се вратат кон нивната

> Митрополитот ги поучи и да не се плашат за нивните имоти, зашто на нашата црква и требаат луѓе, а не градби. Исто така се осврна и на овие тешки времиња за Р. Македонија и Македонците, на времето во кое не ни треба разделување, туку обединување. Да останат имуни на манипулантите на нашиот народ, често водени од личните интереси.

единствена мајка црква МПЦ – ОА, да го изберат единствениот вистински пат кон спасението преку избор на легален и лигитимен свештеник, зашто црквата без свештеник не е црква.

Митрополитот ги поучи и да не се плашат за нивните имоти, зашто на нашата црква и требаат луѓе, а не градби. Исто така се осврна и на овие тешки времиња за Р. Македонија и Македонците, на времето во кое не ни треба разделување, туку обединување. Да останат имуни на манипулантите на нашиот народ, често водени од личните интереси. Да се издигнат над тоа, подржувајќи ги оние кои се залагаат за добробитот на Македонците во нашата црква во Аделаид, како што е претседателот на Општината, заедно со управата.

Во попладневните часови Митрополитот и црковната делегација се упатија кон Мелбурн – Викторија.

На 07 јануари кога го празнуваме славното Рождество Христово – Божиќ, во Соборниот храм „Пресвета Богородица“ во Сиденхам, Мелбурн – Викторија, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереј – ставрофор Ефтим Бетински (старешина на храмот), протојерејот Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски.

Литургијата беше посетена во голем број од вериот народ, во кој голем дел од присутните пристапи и кон светиот Путир. По завршувањето на Литургијата беше прочитано Божиќното послание.

На 08 јануари – Втор ден Божик и Собор на Пресвета Богородица во храмот „Свети Јован Крстител“ во Цилонг – Викторија, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереите: Чедомир Илиевски (старешина на храмот) и Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа. Радоста при оваа канонска визитација беше голема, особено поради враќањето на црковната општина „Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ во Епинг во прегратките на Мајката Црква. На 06 јануари пристигна новиот парохиски свештеник о. Климент Станковски, а на 09 јануари, на празникот на светиот првомаченик и архиѓакон Стефан. После цели 22 години, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Тимотеј чи-

ноначалствуваше на Светата божествена литургија, која беше отслужена во сослужение на повеќе свештенослужители: протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, игуменот Гаврил (Галев), протојерејот Никола Христоски, јерејот Климент Станковски (старешина на храмот) и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски.
Пред почетокот на Литургијата, беше извршен чинот на очистување на храмот. По завршувањето на Литургијата беше прекршен празничниот колач, а Митрополитот освен со пригодна беседа, се обрати и лично кон сите верници, како и кон членовите на Управата од оваа наша црква, на кои им порача дека со доаѓањето на новиот легален свештеник, отец Климент Станковски, е направен вистински пофалбен потег, со кој после долги години се враќаат кон единствената Мајка Црква.
Митрополитот го охрабри народот да не се плаши и да знае дека никој, ниту тој лично, ниту некој од Синодот, не се заентересирани за нивните имоти, туку единствено се заинтересирани за нив, како членови на Црквата, чија глава е Христос.

Митрополитот им го честита празникот со желби и молитви нивниот пат секогаш да биде правилниот, единствениот кој води во Царството Божјо.
На свечениот ручек, свој поздравен говор имаше и претседателот на црковната општина во Епинг, г – дин Мирчо Ангелоски. Мора да напомениме дека овој настан преставуваше голем историски чин и дека засекогаш ќе остане како ден за паметење и радост во поновата историја на МПЦ – ОА.
По Литургијата во храмот во Епинг, во наредните денови започнаа подготовките за Епархиско Собрание на Австралиско – сиднејската православна епархија, кое се одржа на 11 јануари во просториите на „Шелдон Ресепшн“ во Мелбурн – Викторија. Под раководство на претседателот Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј, беа разгледани повеќе прашања од животот на Епархијата. На свеченото собрание присуствуваа делегати од 11 цркви, кои се под надлежност на Митрополитот г. Тимотеј, и тоа следниве цркви:

1	„Пресвета Богородица“ во Сиденхам, Мелбурн – Викторија;
2	„Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ во Епинг, Мелбурн – Викторија;
3	„Свети Јован Крстител“ во Џилонг – Викторија
4	„Свети Никола“ во Кабрамата, Сиднеј – Нов Јужен Велс
5	„Свети Димитриј“ во Волонгонг – Нов Јужен Велс
6	„Света Петка“ во Рокдејл, Сиднеј – Нов Јужен Велс
7	„Свети Илија“ во Квинбијан – Нов Јужен Велс
8	„Свети Климент Охридски“ во Канбера – Австралиска Капитална Територија
9	„Свети Никола“ во Перт – Западна Австралија
10	„Свети Наум Охридски“ во Аделаид – Јужна Австралија
11	„Света Недела“ во Голд Кост – Квинзланд

Собранието работеше по предложениот дневен ред, според кој, најпрво се усвои Извештајот за двегодишното работење (2015 – 2016) на Митрополитот г. Тимотеј во Австралиско – сиднејската православна епархија. Потоа беше разгледан и усвоен финансискиот извештај на благајникот на Епархијата. Се пристапи и кон усогласување на ставовите на Светиот Архиерејски Синодот (САС) на МПЦ – ОА и Епархиското собрание за Статутот на Австралиско – сиднејската православна епархија, со што се овозможува регистрирање на Епархијата во Австралија. Истите беа усогласени без некои посебни дискусии и забелешки.

Епархиското собрание одново ги избра членовите на Епархискиот управен одбор (ЕУО) со мандат за уште две години, а исто така беа избрани и делегати за Архиепископски црковно – народен собор (АЦНС).

Делегатите на собранието искажаа искрено добредојде на црквата „Света Петка“ од Рокдејл, како црква и управа, кои во изминатиот период најмногу претрпеле одделни непријатности.

Искажаа и искрена благодарност за храброто решение на црквата „Свети Ѓеоргиј и Пресвета Богородица“ од Епинг, за целосното вклучување во редовите на МПЦ – ОА, со назначувањето на легитимниот свештеник о. Климент Станковски.

Делегатите избраа и Просветен одбор, кој ќе се грижи околу просветната и издавачката дејност на Епархијата за доброто на Македонците во Австралија. Делегатите искажаа поддршка и на Младинската организација (МОУА) и зедоа обврска на секој начин истата да ја подржуваат и поткрепуваат, како во идеи, така и материјално.

Се даде предлог да се испита и можноста за организирање на свеќоливница, во организација на Епархискиот управен одбор, која би била главен добавувач на свеќи за црквите и манастирите во Австралија. Делегатите посветија големо внимание и на состојбата во црквата „Света Недела“ во Голд Кост – Квинзланд, која се соочува со економски проблеми, затоа што има многу малку членови. Овде повторно се покажа солидарноста на повеќето цркви, кои одлучија финансиски да ја поткрепат гореспоменатата црковна општина.

Наредниот ден (12 јануари) делагацијата отпатува за Сиднеј – Нов Јужен Велс. На 14 јануари, на празникот Обрезание на Господ Исус Христос и свети Василиј Велики, во храмот „Свети пророк Илија“ во Квинбијан – Нов Јужен Велс, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереите: Ѓорѓи Митев (старешина на храмот), Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа.

Во Триесеттата недела по Педесетница (15 јануари), кога ги празнуваме светите Силвестер папа Римски и Серафим Саровски, во храмот „Свети Климент Охридски“ во Канбера – Австралиска Капитална Територија, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереј Никола Христоски, свештеникот Радојчо Митрев (старешина на храмот) и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа.

На 19 јануари, по повод големиот христијански праз-

ник Богојавление – Водици, во храмот „Света Петка“ во Рокдејл, Сиднеј – Нов Јужен Велс, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на игуменот Гаврил (Галев), протојерејот Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, беше извршен чинот на Големиот Богојавленски водосвет. Предводени од Митрополитот Тимотеј и свештенство-топо, сиот верен народ, се упати кон водите од Тихиот океан при Сиднејското крајбежје, каде според традицијата беше спуштен светиот Крст.

На 20 јануари, на празникот Собор на свети Јован Крстител, во храмот „Свети Никола“ во Кабрамата, Сиднеј – Нов Јужен Велс, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереј – ставрофор Ѓорѓи Лапоски (старешина на храмот), протојереј Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа.

На 22 јануари, во Триесет и првата недела по Педесетница, во храмот „Свети вмч. Димитриј“ во Волонгонг – Нов Јужен Велс, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереј – ставрофор Љубомир Милошоски, протојереите: Александар Ивановски (старешина на храмот) и Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, беше прекршен празничниот колач и Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа.

По неколку поминати дена во Сиднеј, на 24 јануари делегацијата се упати кон Перт – Западна Австралија, каде Митрополитот г. Тимотеј најнапред оствари неколку средби со верниот македонски народ во црковната општина „Свети Никола“ во Перт – Западна Австралија, кои ги поучуваше дека на Синодот не им се потребни имотите, но верници кои ќе бидат со МПЦ – ОА.

На 29 јануари, во 32 Недела по Педесетница, во храмот „Свети Никола“ во Перт – Западна Австралија, беше отслужена Света архиерејска литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, во сослужение на протојереите: Станко Јовановски (старешина на храмот) и Никола Христоски и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот се обрати кон верниците со пригодна беседа. По отслужената Литургија, истиот ден Митрополитот и останатата црковната делегација отпатува за Р. Македонија.

Исто така треба да се нагласи дека за време на канонската визитација, Митрополитот секојдневно остваруваше работни средби со многу црковни одбори и паствата и во секоја дадена прилика му посветуваше време на народот. Два пати беше гостин во радио програма и даде интервјуа најнапред во Македонската радио програма „Трипл зед“ (3ZZZ), а потоа и во СБС (SBS), кои беа упатени до целата Македонска јавност и заедница во Австралија.

Двете интервјуа беа прилично идентични и со бројни искрени и пастирски поуки во духот на вистинското Православие и со надеж дека набргу еднаш за секогаш сите проблеми, раздори и расколи ќе изчезнат во минатото. Митрополитот нè советуваше: „Во никој поглед нашите верници не треба да се плашат дека владиката Тимотеј е дојден со лукавство или со било какви трикови или итрини да зема или поткупува некаков имот на нашите македонски цркви во Австралија. Напротив, се застапувам имотите и црквите да си бидат на Генералното членско епархиско собрание на одделните цркви, а поканите на свештени лица од Р. Македонија се само со цел да ги задоволат нивните религиозни и верски потреби. И во првото интервју посочи дека тој и САС на МПЦ – ОА не сакаат имоти во Австралија и никогаш не биле заинтересирани за тоа, туку за полни храмови со верници.

> Кога би рекапитулирале и сумирале, останува впечатокот дека Митрополитот г. Тимотеј заедно со црковната делегација оствари успешна канонска визатација на Австралискиот континент, посетувајќи ги и богослужејќи во скоро сите црковни општини во богомдарованата Австралиско – сиднејска православна епархија.

Поточно кажано, Митрополитот г. Тимотеј стои цврсто на тоа дека црквите и имотите треба да останат во сопственост на оние, кои ги создавале и на нивните потомци.

Кога би рекапитулирале и сумирале, останува впечатокот дека Митрополитот г. Тимотеј заедно со црковната делегација оствари успешна канонска визатација на Австралискиот континент, посетувајќи ги и богослужејќи во скоро сите црковни општини во богомдарованата Австралиско – сиднејска православна епархија. Притоа претседавајќи и со Генералното епархиско собрание, остварувајќи низа работни средби со претставниците на македонските црковни општини и заедници и со мноштво верен народ.

На крај ја користам оваа прилика јавно од името на свештенството, монаштвото, верниот народ, црковните општини и заедници на Австралиско – сиднејската православна епархија, од името на МОУА и од мое име, да му сè заблагодариме на нашиот надлежен епархиски архиереј – Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј, за неискажаниот неуморлив труд и пастирска грижа и посветеност, за љубовта и разбирањето кое ни го укажа на сите нас, неговите духовни чеда, населени насекаде низ Австралија, кои наскоро повторно го очекуваме да нè удостои со Неговата посета.

ДЕНЕС Е ИСТОРИСКИ ДЕН ЗА МПЦ – ОА ВО АВСТРАЛИЈА

Г. МИРЧО АНГЕЛЕСКИ

Ваше Високопреосвештенство
Митрополит Кичевско - дебарски и Администратор Австралиско - сиднејски – г. Тимотеј, протојереј ставрофор Ефтим Бетински, Игумен Гаврил, протојереј Никола Христовски, протоѓакон Николче Ѓурѓиноски, со голема чест и задоволство за прв пат официјално Ви го претставувам нашиот парохиски свештеник на МПЦ „Св. Георгиј и Пресвета Богородица“, о. Климент Станковски.

Претставници на Македонските црковни општини - „Прес. Богородица“ од Сиднехам, и „Св. Јован Крстител“ од Џилонг.

Почитувани Дами и Господа,
драги Македонци

Денес, 9-ти јануари, празникот на Св. архиѓакон и првомаченик Стефан, е историски ден, не само за МПЦ и МПОМВ (Македонска Православна Општина за Мелбурн и Викторија), туку и за целокупната македонска заедница во Австралија, бидејќи денес во присуство на сите нас, после 20 години повторно се одржа архиерејска Божествена Литургија во нашата МПЦ „Св Георгиј и Пресвета Богородица“, благодарение на Неговото Високопреосвештенство, г. Тимотеј.

Пред се би сакал да изразам благодарност до мојата управа, нашето членство и парохијаните на нашите храмови „Св. Георгиј и Пресвета Богородица“ и „Св. Климент Охридски“, за нивната поддршка и разбирање што добивме сила да го надминеме долгогодишниот црковен спор. Исто така изразувам благодарност што наидовме на разбирање од страна на нашиот надлежен г.Тимотеј, со кој, заедно докажавме дека кога нешто се сака, и кога се има искреност и меѓусебна почит, може да се најде начин за да се надминат одредени разлики и да се постигне посакуваната цел.

г. Тимотеј, ги одобри нашите потреби со кои се отстранија сите нејаснотии и сомневања, и со тоа ни овозможи да побараме легален и легитимен македонски православен свештеник за нашата црква и за нашиот манастир.

Како резултат, во експресно време, по предлог на ценетиот наш г. Тимотеј, и во согласност на нашата управа, го добивме нашиот парохиски свештеник о. Климент Станковски, за што сме сите бескрајно благодарни.

До о. Климент и неговото ценето семејство, добро ни дојдовте!

о. Климент, Ви посакуваме голем успех во црковниот живот во нашата средина.
Почитувани, нека нашиот потег биде патоказ, како да се надминат тешкотиите со кои се соочуваат и останатите црковни општини во Австралија, бидејќи како Македонци тоа ни е најпотребно, така заедно ќе можеме поефикасно да дејствуваме кон нашите предизвици и стремежи за успех и единство на МПЦ и македонскиот народ во Австралија и пошироко.
Треба да се учиме од нашите грешки и пропусти, за во иднина да не ни се повторуваат.

г. Тимотеј, многу Ви сме благодарни што наидовме на Ваше разбирање за да се надминат разликите кои постоеа, Ви благодариме на Вашите мудри совети, за Вашето разбирање и поддршка, со кое ни овозможивте нашите храмови да бидат повторно нераскинлив дел од мајката МПЦ, бидејќи нашата црква Св Георгиј и Пресвета Богородица е мајка на сите останати цркви во Австралија, затоа што тоа и го заслужуваме, бидејќи Македонската Православна Општина за Мелбурн и Викторија е една од осново-положниците на македонското движење во Австралија, столб за зачувување на македонскиот национален идентитет, МПЦ, македонската култура и македонската традиција.

Почитувани, дозволете ми, да Ве потсетам дека нашата општина беше таа која во далечната 1960 г. ја изгради првата МПЦ надвор од границите на нашата Татковина Македонија и со автокефален статус уште во тоа време.

До ден денес, нашата Општина со своето секојдневно залагање продолжува да ги застапува интересите на Македонската заедница, и континуирано допринесува за афирмација на Македонија и Македонците во Австралиското општество.

г. Тимотеј,
Под Вашето духовно водство, и со припадноста на нашите храмови на Австралиско-сиднејската епархија, Ве уверуваме дека со сите свои сили и можности, значително ќе допринесеме кон успехот на МПЦ, и за доброто на нашата православна вера и македонски народ.

Во мое име и името на сите присутни денес, Ви посакуваме да ни бидете здрави и живи, уште многу години да ни бидете на чело на нашата Епархија и да не водите по правиот христијански пат, како што ни доликува на сите нам.
Воедно користам можност да ги поздравиме и Вашите придружници протојереј Никола и протоѓаконот Николче и да Ви посакаме успешна посета и убав помин насекаде каде што ќе присуствувате и се разбира среќно заминување во родниот крај, до следното наше видување.
Морам да им заблагодарам на сите кои што денес зедоа учество и присуствуваа на Архиерејската литургија, ве замолувам сите да се чувствувате како свои меѓу своите, денешниот ден да го прогласиме за преродба на сите нас.
Да ни бидат честити сите празници кои ни следат во ова 2017-то лето Господово. Ви посакувам да се развеселите сите со нашата прекрасна музичка група и нашите пејачи Новица и Татјана, ова навистина го заслуживме и имаме право сите да бидеме горди и со кренати глави да продолжиме во иднина.

СЕ ВРАТИ РАДОСТА ВО ЦРКОВНАТА ПРАВОСЛАВНА ОПШТИНА „СВ. ПЕТКА” ВО РОКДЕЈЛ - СИДНЕЈ

КИРЕ ЦИРЕВСКИ

Се врати радоста во Црковната православна општина „Св. Петка” во Рокдејл - Сиднеј

Забележлива беше радоста помеѓу парохјаните и верниците во ЦО „Св. Петка" во Рокдејл - Сиднеј, за празникот Богојавление со посетата на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Тимотеј, кои уште пред дваесетина години се сеќаваат на него кога бил надлежен архиереј на Австралиската епархија на МПЦ - ОА, под чија јуриздикција беше и МПЦО „Св. Петка“ во Рокдејл која го доживеа и најголемиот подем.

Нашето самоорганизирање и градење на објекти на петтиот континент, не е само цел да ги задоволиме нашите потреби од секојдневниот живот, туку тие објекти се сведоци на нашето опстојување на овие простори. Ние тука живееме со години, тука се раѓаат нашите идни

генерации. Овде до нас, во овој свет храм, посветен на „Св. Петка“, крстени се неколку илјади македончиња, кои ќе бидат наследниците на ова, на кое ние денес се радуваме. Тие ќе бидат на браникот во одбраната на нашиот опстанок на овие простори.

Македонската православна црковна општина „Св. Петка“ во Рокдејл стана главната артерија на Македонската заедница. Тука се одржуваат разни дебати, семинари, разни предавања за историјата на Македонија и Македонскиот народ. Денови на Македонската култура, фото изложби.

Тоа беше движечката сила на Македонската заедница. Со еден збор стана амбасадор на вистината за Македонија. Има уште многу добри нешта кои се случуваа! Но, Македонскиот благочестив народ кој ја смета „Св. Петка“ за своја заштитничка дваесетина години неосновано и непотребно беа дадени на суд од страна на владиката Петар. Се потрошија милионски суми и се изгуби угледот на Македонската заедница, како и на МПЦ - ОА во Австралиското општество. Делбите во македонските семејства, компактноста на заедницата како единка, изгубените генерации на македонски деца и нивните души, останува засекогаш непотполнета дупка и црна дамка. Меѓутоа, голем е Бог и не ги остава оние кои веруваат и се надеваат на Него. Најнапред неправдите беа задоволени со одлуката на Синодот од 01.07.2016 со која, по барање на верниците беше одземена од МПЦЕАНЗ и беше припоена кон новоформираната Австралиско-сиднејска епархија на МПЦ – ОА.

А потоа, кога пред големиот национален и верски празник Св. Илија и патрониот празник на Црквата, „Св. маченица Параскева – Петка“, останаа без парохискиот свештеник о. Рубин Бојчевски, а на негово место од страна на Митроплитот г. Тимотеј беше испратен игуменот Гаврил (Галев), па наместо најлошото, се случи најдоброто за црквата. Кроткоста, љубовта, мирот и единството, кои ги преповеда Игуменот Гаврил ги собра лугето назад. Мирот повторно се врати во црквата и богослужбите се повеќе посетени.

Правдата беше задоволена и нашата најголема радост се случи на празникот Богојавление на кој Бог се јави и во Рокдејл и после дваесет години повторно ни го донесе владиката Тимотеј да биде помеѓу нас.

Верните чеда при МПЦО „Св. Петка” во Рокдејл, Сиднеј го познаа својот пастир. После дваесет години, владиката Тимотеј во храмот на „Св. Петка“ во Рокдејл, заедно со игуменот Гаврил, протојереј Никола Христоски, и протоѓаконот Николче Ѓурѓиноски отслужи света Архиерејска Литургија. Црковната Општина иако беше изложена на големи финансиски трошоци за судот, сепак не престана да се грижи за убавината и великолепноста на храмот. По тој повод беа и осветени новите црковни сосуди. По литургијата се направи и голем Богојавленски водосвет. Храмот беше преполн со верници дојдени да присуствуваат на овој светол чин.

Потоа се пејде на брегот од Сиднејското крајбрежје во месноста Куеетагh каде се фрли крстот. Со што се направи нова традиција за фрлањето на крстот. Вечерта, се организира свечена вечера во чест на Неговото Високопреосвештенство г. Тимотеј. Радостта, емоциите, па и солзите не можеа да се сокријат на лицата на овие чесни и напатени верници кои за да си ја зачуваат црквата неправедно беа изложени на прогон и омаловажување. Но Бог е голем и ги наградува праведно гонетите и ете после дваесет години Бог им го врати својот архиереј за благослов и нов почеток во оваа ЦО. Вечерта имаше повеќемина активисти кои сакаа да говорат за тешките времиња, но Митрополитот г. Тимотеј не дозволи да се навраќаме назад во минатото, но препорача дека треба да гледаме во иднината: „Да не се враќаме на минатото, но и да не го забораваме. Да се учиме од него и да не го повторуваме, туку да градиме нова подобра иднина" Во неговото обраќање потврди дека црквата им припаѓа на народот, на верниците, на градителите, на нивните деца, на идните генерации кои треба да ја надградуваат и да ја прошируваат: „На нас како МПЦ ни треба народот, верниците, ни требате вие, а не имотите.“.

Немаше крај на честитките!



WWW.MPCAUS.ORG

На епархиското собрание на Австралиско - сиднејската епархија, одржано на 11. 01. 2017 во Мелбурн се донесе одлика да се формира „Епархиски Просветен Одбор“ кој ќе се грижи за просветата и издавачката дејност во Епархијата. Идејата потекна од насушната потреба на нашиот народ за духовно пресветлување и познавање со нашата вера.

По тој повод Епархискиот Просветен Одбор се зафати со работа на неколку проекти од кои некои веќе се реализирани, а некои ќе се реализираат во блиска и далечна иднина.

Црквата од секогаш била современа и актуелна, па се со цел да биде поблиска и подостапна до народот ги користела современите технички придобивки во своето време, како што во денешно време е интернетот. Сметајќи дека учеството на Црквата во социјалните мрежи е од корист на луѓето, а пред се на младите, Епархискиот Просветен Одбор на Австралиско-сиднејската епархија отвори своја Фејсбук страница, твитер и инстаграм профил и Јутуб канал.

Исто така еден од веќе реализираните интернет проекти на овој Одбор е и електронскиот билтен „Преображение" кој што излегува еднаш месечно. Исто така остануваат уште многу пријатни изненадувања за во иднина, кои со Божји благослов, би требало да се реализираат во свое време.

Со најголема радост и особена чест, со благослов на надлежниот архиереј на Австралиско - сиднејската епархија, г. Тимотеј, на овој убав, благ ден (Свето Благовештение) сакаме да Ви ја презентираме нашата официјална веб страница: www.mpcaus.org

Искрено се надеваме дека ќе ви се допадне нашата веб - страница, која е сеуште во дозградба, но заради потребата од актуелноста на овие празнични денови се одлучивме да ја објавиме на интернет етерот.

На овој ден Архангелот Гаврил и ја открил благата-добрата вест на Пречистата дека ќе зачне преку Светиот Дух и во својата утроба ќе го роди Спасителот на светот. Овој ден е почетокот на спасението на човештвото. Во овој ден Бог му се понуди на човекот и преку Пресветата повторно, Бог беше прифатен од човештвото. Во овој ден Бог и човекот направија Нов завет за нов почеток и нова ера во човештвото.

И како една симболика, поврзаност, а и континуитет, на овој ист празничен ден Бог повторно, на некој начин, му се нуди, сега, на нашиот македонски човек во Австралија, преку овој наш мал труд, како нов завет, нов почеток и нова ера во спасението на нашиот човек на овие простори.

ПАТОТ КОН НЕБЕСНОТО ЦАРСТВО



СВЕТИ ИНОКЕНТИЈ МОСКОВСКИ

> Оној што ги слуша Христовите зборови и ги исполнува може да се нарече Негов следбеник; но Негов вистински и љубен ученик е само оној што со целосна предаденост и со смирено срце ги слуша Неговите зборови и ја извршува Неговата волја.

Патот до небесното Царство ни го покажал Господ Исус Христос. Единствено оние што го следат Него ќе стигнат таму. Но, како да чекориме по тој пат? Чујте што за тоа вели Самиот Спасител: „Кој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека тргне по Мене“. А што значи тоа да „нека се одрече од себе?“

Исус Христос рекол: „Кој сака да оди по Мене“. Овие зборови покажуваат дека Он никого не присилува да оди по Него. Нему не Му се потребни неодлучни ученици, или оние што немаат желба да Го следат. Он сака да Го следиме доброволно и без никакви принуди. Соодветно на тоа, во небесното Царство влегуваат само оние што доброволно го избрале патот на кој укажал Спасителот.

Христијанине! Твоето спасение или погибел целосно се во твоите раце. Господ, според Својата неопислива мудрост и љубов, ти дал слобода на избор, и не сака да ти го одземе тој скапоцен дар. Затоа, ако сакаш да Го следиш Исус Христос, Он ќе ти го покаже патот кон небесното Царство и ќе ти помогне на истиот. Но, ако не сакаш да Го следиш, прави како што сакаш: никој нема да те присилува. Но внимавај да не го пренебрегнеш повикот од Исус Христос и Неговата голема милост. Во Својата добрина Он може многу да направи, долго да тропа на вратата на човековото срце, чекајќи ја неговата душа да се разбуди и во него да се појави желбата за спасение. Но тешко на човекот кого Он ќе го напушти и отфрли како безнадежен син на пропаста!

Да се оди по Христос – тоа значи да се исполнуваат Неговите зборови. Ние мораме со вера да го прифатиме и исполниме сето она што Исус го рекол во Евангелието и преку Своите апостоли, и тоа треба да го правиме без мудрувања, со едноставно срце. Оној што ги слуша Христовите зборови и ги исполнува може да се нарече Негов следбеник; но Негов вистински и љубен ученик е само оној што со целосна предаденост и со смирено срце ги слуша Неговите зборови и ја извршува Неговата волја.

Значи, ете што значи да се одречеш од себе, да го земеш крстот и да одиш по Исус Христос. Тоа е вистинската состојба, својствена за Христовиот ученик. Тоа е единствениот вистински пат за влез во небесното Царство. По истиот одел и Самиот Исус Христос додека живеел овде на земјата, по него треба да чекориме и ние христијаните! Никогаш немало, ниту ќе има друг пат.

Тој пат секако е тежок, тесен и трнлив, особено така делува на почетокот. Но, од друга страна, тој води право во рајот, во небесното Царство, во вечното блаженство, кај Бога. Тоа е патот на тагата, но сепак, за секој направен чекор не очекуваат иљадници награди. Тешкотиите на тој пат не се вечни, може дури и да се каже дека се моментални, додека наградите за нив се бескрајно вечни, како и Самиот Бог. Маките, од ден во ден, стануваат се помали и полесни, додека наградите се зголемуваат постојано, од час во час, водејќи кон вечноста.

Значи, не се плаши од овој пат, бидејќи лесниот и рамен пат води во пеколот, додека нерамниот и трновит води кон небото.

MACEDONIAN ORTHODOX YOUTH OF AUSTRALIA

ДАНИЕЛА ЗАТАРАКОСКА

The Macedonian Youth of Australia (MOYA) was formed in 2006 and it was based at the monastery of St Prohor Pchinski in Melbourne. The group had a great support from the local church youth, and with the arrival of Father Gavril, Abbott of the monastery of St Prohor Pchinski, the group received its mentor and guide. It started small, but with our Lord's grace it turned into something extraordinary. Strangers turned into friends, Friends turned into families.

Seeing that 10 years have passed since its foundation, those who were the first members of MOYA, now have their own families and they participate in different groups together with their young children in the spirit of God. This very fact shows us how important it is for the youth to participate in groups of such nature as it paves the way for our future generations. By saying this, MOYA is known to have members of different ages, therefore the parents of the children have always been welcomed part of the group.

MOYA's main purpose is to enlighten the soul through religious education (R.E) and also to organize and attend spiritual journeys, socialize in activities and meet new people.
The group initially started by participating in weekly religious education meetings, gaining the opportunity to learn about different topics on the Orthodox faith. During these open weekly forums the youth were encouraged to participate in discussions and ask questions about the topic discussed. The forums were open to all members of the community and began with an Akathist to the Most Holy Bogorodoca. Father Gavril often had honoured guests and speakers (from the clergy) at these forums which was gladly accepted and offered the members to see a different opinion on a given topic.

Every year activities were organised in the spirit of Orthodoxy for particular saints days and days of significance for the group.
Annually on the day of St Ilija, the youth presented the Macedonian culture through games such as chess and football and the preparing of the best Macedonian cuisine. This was also presented through participation in the Whittlesea Council's Heritage Week program, that encouraged others in the local community to learn about orthodoxy by participating in the event organised by the youth. This group was also actively involved in the preparation of many of the Orthodox faith celebratory days such as preparing the monastery and the monastery grounds in preparation for Easter and Christmas.

MOYA also aimed to continue to be active in social mediums such as Facebook to share our events and activities as well as an opportunity to educate others about the orthodox faith. The youth used this medium to share information about events such as trips organised to the mountains in the winter or outdoor gatherings in nature.

Under the instructions of abbot Gavril an Icon painting School, titled St. Theophilus of Strumica was established. This school was named St Theophilus of Strumica who was the confessor for icons in Macedonia. The art of icon writing does not simply rely on technical skills but also spiritual growth and prayer. Talented and creative members of the MOYA group were part of the iconography studio St. Teophilus, where they painted their first icons. As well as a few successful icon exhibitions were organised.

Furthermore, the MOYA members were part of the Church choir at the monastery St Prohor pchinski for 9 years.

However, MOYA was most recognised for the annual MOYA seminar organised every year, where a large number of Orthodox faithful from across Australia would come together to learn about their faith. These seminars were organised by the youth that would organise lectures, to be presented on a particular topic, presented by the Macedonian Orthodox clergy in Australia. Each year, this three day event would see youth participating from other states, in particular Sydney and other members coming from across Australia to gather together and grow spiritually. On the last day of the seminars the youth had the opportunity to meet socially and get to know one another through outings organised around Victoria.

This year MOYA celebrated it's 10 Year Anniversary and was grateful to God to celebrate this event. It was an opportunity to take the time to reflect on our 10 years together, to acknowledge those who have supported us and to motivate us to continue in growing our faith together. This year MOYA's 10 Year celebration also had the participation from the faithful youth from other Orthodox Churches of the our holy orthodox faith. MOYA hopes to continue to develop these relationships in the future. Therefore, we need to point out that the backbone of MOYA for the past decade was the guidance and selfless support of Father Gavril. Everything MOYA has achieved over the years is a tribute to the time and dedication he has provided the group. Due to his presence MOYA got to know the rest of the clergy and church groups and share our support throughout the years. During the seminars, honorable guests and speakers were representatives and clergy from other sister orthodox churches. For all the love that was showed to us over the past 10 years, we are deeply grateful for the support received by him and for his commitment to see us succeed and grow spiritually in our faith.

Consequently, it was MOYA's greatest honour to surprise father Gavril with a caricature portrait of himself together with some of the MOYA members.

We thank God for his love and kindness in helping this group form and through his will allowing us to share the faith to others.

ДАЛИ ТРЕБА ДА ГИ КРШТЕВАМЕ ДЕЦАТА ДУРИ СЕ МАЛИ?

ИГУМЕН ГАВРИЛ (ГАЛЕВ)

Сведоштво дека децата се крштевале мали има во светото писмо, што значи дека според православната вера се крштеваат и мали деца.

Јас како о. Гаврил можеби имам погрешно учење зошто сум грешен и неможам апсолутно да ја спознаам и творам Божјата волја и вистина. И кај сите можеме да најдеме по некое погрешно учење, но кај апостолите не. Тие се директни ученици Христови и тие ја имаат непогрешлива полнотата на Христовата наука. Затоа во символот на верата исповедаме Верувам во една света, соборна и апостолска Црква.

Па тогаш ако светите апостоли ги крштевале децата мали, тоа значи дека и ние не треба да имаме погрешно мислење за тоа. А за оние што не учат така св. Апостол Павле ќе знае да каже: Тоа е вистина на верата, та јас или некој друг па дури и ангел од небесата да дојде и да ви проповеда нешто друго нека е анатема (проклетство).

Свети Апостол Павле вели: „го крстив целиот дом Стефанов“ или на друго место „поверува таа и целиот нејзин дом и се крстија”, а вакви сведоштва има уште на други места во Светото писмо. Во тоа време домовите биле партијахални што значи сите живееле заедно од дедо, прадедо до внуче и правнуче.

Ги крштеваме малите од две причини:

Се додека детето е некрстено тое е нехристијанин и сепак роб на ѓаволот, иако е дете сепак се читаат егзорцистички молитви за изгонување од ѓаволот од него за кое сведочи кумот на детето. Откако ќе се крстиме во името Христово тогаш и стануваме христијани и тогаш станува и реално нашето спасение, а до тогаш не.

Некои велат дека треба да ги крстиме возрасни, за самиот тој слободно да се одлучи. Но што ако тој, недај Боже, умре пред да биде крстен? Ако некој умре некрстен како нехристријанин тој не е член на Црквата Христова и за него нема спасение, затоа што нема спасение надвор од Телото Христово, односно Црквата. И поради тоа треба да се крштеваме додека сме деца.

Како што рековме порано кога се крштеваме ние се ослободуваме од гревот и ропството на ѓаволот што во спротивно како заробени неможеме слободно да донесеме своја лична одлука. Само преку стекнување на таа благодат од Светиот Дух што се добива со крштевањето тоа дете го ослободуваме.

И второто: Суштината на нашиот живот е да се обожиме, а тоа е возможно само ако сме носители на обновената од Христа човекова природа и полнотата на дарот на Светиот Дух и пак за тоа е услов крштението. Детето треба духовно да расте во Светиот Дух и напредува. Родителите треба да го учат детето на добро за да тоа дете не стекнува страсти и гревовни навики, туку да стекнува добродетели и да ја умножува крстенската благодат на Светиот Дух. Суштината е за ние нашите деца да ги направиме добри, а без крштение неможеме тоа да го постигнеме.

Зошто ние да го чекаме детето да порасне дури му го дадеме Царството Небесно?

Без крштение нема Ангел чувар да го штити. Со крштението Ангелот чувар колку и детето да греши секогаш ќе го враќа кај што припаѓа, кај Бога.

Св. Гаврил Светогорец вели: „Крштението е клучот на Рајските двери (врати)“.

Целта на нашиот живот е обожувањето. Наместо да ја чуваме таа благодат од Светиот Дух ја притеснуваме и се валкаме. Со исповедање, со помош на нашиот духовен Отец таа прашина да ја тргнеме од нашето огледало за да ја стекнеме таа умносрдечна молитва, а тоа е крајот на почетокот.

Тоа сме ние луѓето. Гледате Господ колку многу ни дал.

pravoslavie@mpcaus.org

24 ЖИТИЈА НА СВЕТИТЕЛИ

На Света Гора

Во 1963 год. го оставa светот и светската служба и заминува со сиот свој живот да му служи единствено на Бога. Заминува на Света Гора Атонска.

Самиот негов подвиг да стигне пеш од Солун на Атон ја изразува неговата ревност и желба целиот свој живот му го продаде Христос. По три дена и три ноќи одеше, стигнал на Света Гора. Затоа и директно од игуманијата на Света Гора – Богородица, добил благослов да остане.

Се раскажува дека кога стигнал во монашката држава, дошол на брегот на Белото море и сакал да се измие. Тогаш притиснал жена која умилно го гледала. По неколку време жената, како што дошла, така и заминала. Размислил и заклучил дека тоа била Богородица, бидејќи пристапот на жени на Света Гора е строго забранет. Тоа го охрабрило во неговиот понатамошен подвиг. Само затоа што бил малобројен, за време на неговиот престој на Света Гора, имал постојани политички проблеми од властите, меѓутоа Бог го чувал преку целото тоа време. Луѓето, за кои се знае дека се непостојани, му ветиле дека кога сака може да отиде во Света Гора, без никакво ограничување. Му рекле дека може да остане во српскиот манастир Хилендар, кој ужива статус на автономна српска територија под крилото на Света Гора. Тој им поверувал и останал таму. Но, подоцна работите се одвивале поинаку.

Се споменуваат две такви случаи, кога во две различни прилики сакале да го протераат од Света Гора. Во единот случај, влегов во една пештера каде еден пајак молчеејќи тешку голема пајажина што гонителите не го виделе, а во другиот случај, пак, по мадјаите знак.

Решен за храбар подвиг тој решил да остане во градината на Мајката Божја, па макар и без дозвола од офіцијалните власти. Целиот случај го оставам в предал во рацете на Бога. Така тој живеел во пустиња и се мачел во пештери, а многупати живеел и на отворено.

Тие отворено му изразиле сомнение дека бил исправен од епископот Досиј (подоцна про Архиепископ на возобновената МПЦ) треба да формира македонски манастир, како што на Света Гора сите православни земји имаат свои манастири. Таму бил приман само како нивни собрат и искрен православен верник. Тој нависта бил знак и за другите словенски манастири кои сеуште не го прифатиле офіцијално во светите простории. На тој начин, епископот Гаврил бил слободен да оди каде и да сака и да биде најдобро примен, но само како почетен гостин.

Така, тој ги посетил сите манастири во Света Гора, а најмногу се задржал во руското „Ксилиу". Таму се одвивајле во светот во една пештера како послушник на Старецот Ефрем Филотеј. Таму бил и монах 84-годишен руски монах, отец Татјан Иванов, кој кадреци станувал четиф духовен учител и старец и на кого му бил беспрекорно послушен.

Меѓутоа, старецот бил доста болен и тој мерал да го однесе на бетница во матичниот манастир „Свети Пантелејмон". Таму во манастирската болница, по кратка болеста, се упокојува во Господ, на светот го наоѓа монахот Гаврил. Во почетокот на упокојувањето на споменатот, голема материјална помош, малку по конфликтот, темјан и друго, набавувал од руските манастири. Голема од српскиот, бугарскиот, како и од грчките метоси. Ма-

Австралиско-сиднејска епархија | Април 2017

ЖИТИЈА НА СВЕТИТЕЛИ 25

Во родната Македонија

Еден од најголемите подвижници

Австралиско-сиднејска епархија | Април 2017

Издава
Австралиско - сиднејска епархија

Главен и одговорен уредник
Митрополит Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј

Уредувачки одбор
Епархиски црковно – просветен совет:
Игумен Гаврил (Галев), протојереј-ставрофор Ефтим Бетински,
протојереј Чедомир Илиевски, Кире Циревски, Јовица Ѓорѓовски, Ананија Ананиевски

Лектор
Протојереј-ставрофор Ефтим Бетински

Техничка обработка
Ангел Мицевски

mpcaus.org
pravoslavie@mpcaus.org